# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 декември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,23 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Панче Дамески, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мехдун Тачи, Али Ахмети, Рафис Алити, Теута Арифи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи две комисии се во заседание ги молам службите сепак да достават точен број на присутни пратеници.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав заради разгледување на Годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2006 година

Предлагам, Предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, сите 55 се за.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлага следниот дневен ред.

1. Годишен извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2006 година.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеници, гласале 58 пратеници, за гласале 57 пратеници, воздржан еден.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1: Годишен извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2006 година**

Годишниот извештај ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Колешки, колеги, пратеници,

Дозволете сосема накратко како еден од предлагачите на оваа точка, иако се надевам дека ова е од интерес на сите, сосема накратко да ја образложам иницијативата за денешната седница, при што најпрво би сакал да го поздравам солидното присуство на претставници од Владата, што е во секој случај за поздравување. Иако, Извештајот беше во почетокот на ноември, имавме една расправа на Комисијата за Европски прашања, ова иако е иницијатива на група пратеници од четири политички партии, верувам дека е интерес за сите и тоа не повеќе да зборуваме за техничките детали од Извештајот, туку пред се согласно Декларацијата што ова Собрание ја има донесено за улогата на Собранието во Парламентарната димензија во процесот на стабилизација и асоцијација, да ги чуеме приоритетите, активностите и заложбите на Владата во процесот на интеграцијата кон Европската Унија и ние како пратеници да придонесеме кон реафирмирањето и активностите.

Оваа седница очекуваме тука да се напушти стереотипот дека е овој Извештај за оваа или за онаа Влада. Мораме да ја смениме реториката и да сватиме дека е ова Извештај за Република Македонија, ова е извештај за нејзините граѓани.

Затоа, да апелираме како предлагачи или да очекуваме да не се задржиме премногу на сите детали од Извештајот, да не дискутираме многу во детали за Извештајот, бидејќи тој беше во почетокот на ноември. Да зборуваме за приоритетите, да зборувамем за препораките, да зборуваме или да предлагаме ние како пратеници во кој правец мислиме и како подобро ќе се остварат нашите заложби на полето на интеграциите. Затоа, ние како предлагачи имаме подготвено предлог заклучоци кои набргу ќе ви бидат доставени, каде што сакаме Собранието да ја реафирмира својата полна поддршка во процесот на пристапување на Република Македонија кон Европската Унија, на континуирано залагање на остварување на оваа стратешка цел, да си дадеме задачи како пратеници во своите сестрински партии во рамки на Европскиот политички кампус, оние партии со кои соработуваме, да зборуваме, да разговараме независно од сопствената позиција овде во Собранието, дали е тоа позиција или опозиција, доследно да ги афирмираме постигнатите цели на Република Македонија како иден член на Европската Унија.

Денес Собранието треба да се обврзе на доследно почитување на основните демократски принципи за вклученост, суштински дијалог и остварување на широк консензус по клучните прашања од областа на политичките критериуми за членство. Изборен процес, судство, јавна

администрација и борба против организираниот криминал и корупција,

Она што мислам дека е најважно, Собранието на Република Македонија денес треба да го реафирмира или да го постави како задача механизмот за следење на реализација на декларијаниот дух, принципи и ставови со формирањето на националниот совет за Европска интеграција на чие чело, по правило, ќе застане претседавач што ќе предложи опозицијата. Тој Национален совет, да ве потсетам, има задача или идеја при формирањето да се состанува еднаш месечно, а неговите заклучоци и препораки да бидат доставувани до претседателот, Собранието и Владата на Република Македонија, секако, објавувани во средствата за јавно информирање.

Затоа, очекувам почитувани колешки и колеги пратеници во една плодна дискусија денес да зборуваме за приоритетите, за идните активности и да најдеме заеднички именител на идните приоритети кои Република Македонија ќе ја доближат до Европската Унија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има претседателот на Комисијата за Европски прашања господинот Тито Петковски. Повелете.

**Тито Петковски:** Господине претседател, господа министри, почитувани колеги пратеници,

За волја на вистината сакам да ве потсетам дека уште на 14 ноември 2006 година Комисијата за Европски прашања одржа седница со дневен ред Годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2006 година, на која имавме можност ексклузивно да го слушнеме претставникот на Европската комисија во Македонија амбасадорот, господинот Фуере и меѓу другото, претпоставувам дека сите го имате овој записник од седницата на Комисијата, на крајот донесовме заклучок со кој се согласивме сите членови на Комисијата и се разбира координаторите на пратеничките групи. Заклучокот гласи вака: “По повод Годишниот извештај на Европската комисија за Република Македонија за 2006 година, согласно Декларацијата за улогата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија во процесот на стабилизација и асоцијација, најмалку еднаш годишно по објавувањето на Годишниот извештај на Европската комисија, Собранието на Република Македонија да расправа, а во овој случај значи до крајот на годината 2006”. Според тоа мене ми е драго што Собранието еве дефинитивно го реализира заклучокот на Комисијата за европски прашања.

Пред тоа, сакам само да потсетам дека за колегите пратеници за оној што практично содржи Декларацијата, само неколку основни елементи. Во 2003 година на 11 јули Собранието на Република Македонија донесе Декларација за улогата на Собранието на Република Македонија во парламентарната димензија на процесот за стабилизација и асоцијација. Тука дефинитивно ги набележавме нашите обврски како законодавен дом што ќе треба како Собрание да превземеме кои активности и кој дел од задачите во овој процес во кој што како носители учествуваат многу повеќе субјекти, треба да го прави Собранието на Република Македонија. Се обврзавме во 2003 година дека еднаш годишно Собранието ќе се навраќа и ќе го гледа нивото на остварувањето на сопствените задачи. Од 2003 година, како што гледате, ова е прва седница на Собранието на Република Македонија на која што практично ја реализираме Декларацијата што ќе ја донесе Собранието. Во неа, покрај другото стои дека се она што ќе треба на формално-правен план да се направи, Собранието мора да го направи во најкус можен рок. Од оваа Декларација како наша обврска која што е исполнета целосно е формирањето на Комисијата за Европски прашања. Тоа е една од точките. Во точката 2 стои дека им даваме највисок приоритет на законските проекти за усогласување на македонското законодавство со законодавството на Европската Унија, особено преку усвојување на посебни законски постапки за таа цел и формирање на посебни работни тела на Собранието на Република Македонија, Комисија за европски прашања. Сето останато е обврска на Собранието во континуитет. Токму тука сакам да го започнам она што сметам дека е најбитно за нас како Собрание да го направиме односно тоа за што заклучи Комисијата дека е неопходно да го направиме.

Сметаме дека ова е приоритет број 1 за сите политички партии особено за институциите односно за органите на власта и за Собранието како на законодавен дом и за носителите на власта, како што се претседателот на државата и Владата кои што ја делат според нашиот Устав извршната функција. Се разбира, да се мотивираат и граѓаните на Република Македонија, медиумите, невладиниот сектор, експертската јавност, сопствените активности да ги насочат кон остварувањето на овој приоритет. Заправо, од тука и тргнуваме, па Комисијата заклучи после таа расправа дека е најбитно и најсуштествено на оваа наша интеграција со Европската Унија да се гледа како обврска во континуитет и дека се договоривме тогаш основниот принцип што ќе го почитуваме сите во овој процес е принципот на континуитет. Значи, да не издвојуваме, кој, што и до кога направил, туку кој што понатаму треба да прави. Мислам дека е обврска на сите политички партии, особено на парламентарните партии во Собранието на пратениците да го почитуваме она што е сторено досега од Владата на Република Македонија, од Собранието на Република Македонија во претходниот состав и да продолжиме да работиме практично да го надградуваме тој процес. Оценувајќи до каде сме дошле, претспоставувам дека од тоа понатаму ќе зависи какви заклучоци ќе донесе Собранието. Дали ќе ги афирмира, ќе ги потврди некои заложби на Собранието и се разбира она што ни претстои во иднина како обврска како ќе го

превземеме. Или да бидам многу поконкретен, ако во Декларацијата стои дека Собранието му дава приоритет на хомогенизацијата на Македонското законодавство со Европското, а ние сме законодавен дом и дека тоа ќе се одвива со многу поголема динамика, тогаш да си опстоиме како пратеници на тој принцип и на тој договор. А, тоа значи да се договориме на соодветен начин да одиме во пресрет на остварување на таа наша обврска од Декларацијата и да не се доведуваме до состојба за оценка од оние кои не оценуваат и кон кои се стремиме како држава, во овој случај Европската комисија дека споро напредува усогласување на Македонското законодавство со Европското. Јас не сакам да ги повторувам оценките што се изразени во Извештајот на Европската комисија, сите нив ги имате, но сакам да подвлечам дека треба да се сконцентрираме особено на тие наши обврски.

Почитувани колеги, мислам дека е добро во таа смисла за сите оние проекти кои што предизвикуваат особен интерес кај јавноста и на кои е обврска пред Европската комисија да бидеме сериозен фактор, сериозен партнер за евроинтеграции, да ги почитуваме и да се усогласуваме за да можеме многу побрзо да ги донесуваме. Во случајот, не станува збор само за инплементација на законите, станува збор пред се, за донесувањето на законите. Ако ние водиме расправа, да речеме, по еден проект, по еден закон еден месец, бидете сигурни дека нема да ни бидат доволни многу, многу години да го хомогенизираме нашето законодавство со Европското. Да донесеме 800 закони или 400 приоритетни закони во наредниот период, ќе се согласите дека ќе ни треба многу повеќе труд, меѓутоа ни треба многу повеќе свест за тоа дека сите заедно придонесуваме за вкупната слика на Македонија и пораката што ја испраќаме надвор дали сме зрел политички субјект да бидеме дел од Европската Унија.

Според тоа, сакам да замолам за сите оние прашања, за сите закони кои што побудуваат толку голем интерес и по кои што толку долго расправаме, би било добро она што ќе го договориме како координација, како пратенички групи, координатори, како комисии во кои што членуваат практично пратеници од сите пратенички групи, тоа да го испочитуваме. Овде не доаѓа во прашање поените на една политичка партија на една пратеничка група, едноставно или како Република Македонија сите заедно имаме заедничка цел или едноставно се дефокусираме од тој основен интерес, па сега на преден план ни е нашиот партиски, групен или политички интерес. Значи, принципот на одговорност на пратениците пред сопствените задачи, за мене е на прво место. А, тоа подразбира до крај да се усогласиме околу приоритетите, а во овој случај законите кои што треба час поскоро да се имплементираат во живот , да бидат наша приоритетна задача и многу побрзо и поефикасно да ги работиме. Тоа подразбира, според она за што ние разговаравме во најкус можен рок да го донесеме деловникот на Собранието, од кој што ќе произлезе многу поефикасна работа за Собранието и многу побрзо да ги донесуваме законите, отколку што тоа го правиме сега.

Следно нешто што мислам дека е многу битно, а со кое се обврзавме со Декларацијата, да ја унапредуваме регионалната соработка. Сакам да ве информирам дека последната средба на комитетите за европски прашања на земјите од регионот, кои што се членки на регионот и кои што имаат интерес, пред се, заедно со Македонија да одат во Европската Унија, неодамна во Македонија се одржа, во организација на нашата Комисија средба и заклучивме, меѓу другото, дека пред се во сферата на економијата, на сообраќајот треба да се интензивираат сите тие контакти. Значи, оние комисии на парламентарен план кои од сопствената сфера ги третираа прашањата во сообраќајот, економските односи и трговијата, отворањето на границите, слободен проток и во оваа сфера на луѓе, капитал итн, да бидат многу поинтензивни.

Понатаму, се договоривме да говорам на седницата на Комисијата за Европски прашања, она што е обврска на нашиве комисии односно делегации во европските асоцијации во Советот на Европа, Парламентарното собрание на НАТО, во Европскиот парламент, сите тие можни контакти да бидат придружени апсолутно со голема логистика и никакво оправдување за отсуство на пратениците од седниците на асоцијациите во кои што членуваме како Собрание. Ние имаме појава наши пратеници не се појавуваат или не се активни, дури имаме конкретни забелешки од асоцијациите во кои што членуваме дека нашите пратеници или не се залагаат здушно таму или едноставно ќе отидат таму и малку покомотно се однесуваат, а не она што е основната задача најенергично да се залагаат за нашите приоритети како држава.

Парламентарната димензија на европската интеграција на Република Македонија практично подразбира меѓу другото и парламентарна контрола на она што го прават органите на извршната власт, во случајот Владата на Република Македонија. И затоа не треба да не чуди зошто одвреме навреме Владата покренува иницијативи за кои што Собранието нема шанса да врши непосреден увид бидејќи тоа е задача на Владата на Секретаријатот за европски прашања и ние треба секогаш апсолутно во оваа сфера да и дадеме многу конкретна подршка на Секретаријатот за европски прашања. За да може да ги врши тие функции мора да биде кадровски екипиран и Секретаријатот, меѓутоа и Комисијата за европски прашања.

Мене ми е многу драго што имаме можност и разбирање со новиот Буџетот на Република Македонија во делот за логистика за стручна помош што Владата имаше разбирање и се договоривме да бидат вработени два - тројца луѓе кои што ќе помагаат во работата на Комисијата која многу поинтезивно ќе ги третира прашањата од сферата на европската интеграција и во таа

сфера мислам дека одиме во добра насока, тргнувајќи пред се од определбата Комисијата да биде носител на активностите за европска интеграција  во Собранието на Република Македонија.

Второ нешто што исто така е битно, а кое најсериозно беше сфатено од Владата на Република Македонија, нашиот тим во Брисел да биде стручно политичко-експертски екипиран и сега со новиот Буџет на Република Македонија се предвидуват дополнителни средства за вработување на респективна група на луѓе кои ќе имаат основана задача и  обврска да ја афирмират Македонија во рамките на асоцијациите европски, пред се,  да пружат стручна помош на нашата дипломатија, но и на Собранието на Република Македонија и на Владата кога станува збор за прашањата кои секојдневно се третираат во Брисел.

Нешто за што сакам многу поконкретно да кажам, а кое секојдневно кај нас се третира зависно од тоа дали сме во власт или во опозиција. Сакам да подвлечам дека околу прашањето за европските интеграции во Република Македонија реторички има консензус меѓу сите политички партии. Меѓутоа,  практично тоа не е така.

Ако на нешто се инсистира и во извештајот како што гледате, од почетокот на заложбата за предвремени избори, па заклучно сега што се инсистира со така наречениот дијалог во Собранието на Република Македонија меѓу политичките партии, тоа е практична потврда дали европските интеграции ги доживуваме како приоритет сите ние како полтички партии особено како пратеници.

Факт е дека едно зборуваме друго правиме. Во случајот мислам дека е недостоинствено постојано да ни повторуваат луѓе од Брисел, господинот Фуере, луѓето од Европската комисија, амбасадорите од европските земји, САД, дека ние како политички партии треба да седнеме  и да водиме политички дијалог за прашања што се од наш интерес.

Тоа е наш интерес, тоа е наша потреба, тоа не е потреба на луѓето од Европската унија, амбасадорите во Република Македонија. Прашање е само што е тоа дијалог и што подразбираме под обврската за политички консензус околу она за што инсистират тие од надвор, постојано. Тука ние сметаме, јас ќе бидам до крај отворен, сметаме дека е дијалог  она до колку другиот партнер, во случајот Владата или опозицијата ги prифатат темите за кои што ние сме заинтересирани. А не е дијалог она што на преден плат треба да биде национален и државен интерес. Значи, дали постои подобро прашање околу кое ние како политички партии ќе можеме да се обединеме ако не е тоа прашањето по европските интеграции.

Според тао ние како Комисија сметаме дека оттука треба да тргнат практично сите останати иницијативи. Прашањето на европските интеграции, прашањето на нашето приклучување кон НАТО, ако се двете теми по кои нема разлики меѓу политичките партии, тогаш да ги доближиме разликите што значи тоа консензус и што значи политички дијалог. Ако мислам дека оваа седница даде одговор на  прашањето зошто тука ни одат лошо работите, мислам дека ни одат лошо работите.

Значи, апелирам како пратеник кој  досега и преку Комисијата имав можност тоа да го каже,но кој доаѓа од партија  што има онакво влијание, не е меѓу оние партии  што постојано се договараат и се координираат како да функционира системот да ги стават националните и државни интереси на преден план, а во втор план да бидат интересите поединечно на политичките партии на политичарите.

 Ако тоа можеме да го направиме бидете сигурни пораката од Европската унија ќе биде силна, дека Македонија има потенцијал политички има капацитет, дека Македонија е подготвена да ги надмине личните, партиските суети и дека е во состојба да изгради консензус околу прашањата што ќе ја доближат Македонија до европските интеграции. А тоа значи дека ќе бидеме подготвени најенергично да се бориме против она кое што досега ни е најголемо пред криминалот, корупцијата да се даде шанса на институциите на системот да функционират, да си ја вршат работата и да бараме редовно извештај за тоа што го прават.

Ако договоривме дека треба, една од најслабите алки во Република Македонија се реформите на судскиот систем, на паравосудството, тогаш сите својски да се заложиме да го реформираме судството. Ќе го реформираме на начин ако успееме да направиме договор, консензус дека тој највисок судски органи, Судскиот совет мора да се констатира час поскоро. И од тука тргнуваат останатите обврски на Судскиот совет да се избираат судиите според критериумите на квалитет, на стручност, на компетентност.

Значи, сметам дека Собранието на денешната седница треба да даде одговор на прашањето, дали во Македонија посоти политичка волја кај политичките партии не само да си ги исполнува сопствените обврски од декларацијата за која што се определиле, туку дали како политички партии можеме да одговориме на потребите на граѓаните многу поефикасно да работиме како Парламент, да ги донесуваме законите, да ги спроведуваме сопствените заклучоци и конечно она што значи обврска на пратениците максимално да се заложиме да бидат во најкусен можен рок донесени законите за кои што впрочем и ние имаме најголема одговорност.

И ќе завршам, ние имаме обврска како пратеници ова да го гледаме еднаш годишно, но преземаните обврски од заклучоците, од Декалрацијата и заклучоците на седниците на комисиите доследно да си ги почитуваме, независно на која политичка партија  или на која пратеничка група припаѓаме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има заменикот на претседателот на Владата Габриела Конеска Трајковска, повелете.

**Габриела Коневска-Трајковска:** Почитувн претседател на Собранието, почитувани пратеници, дами и господа.

Дозволете ми на почетокот да го изразам своето лично задоволство и се разбира задоволството на Владата на Република Македонија денеска да дискутираме за прашања кои се од интерес и приоритет на Република Македонија.

Ова е прва седница на Собранието на Република Македонија со која се спроведува изразената волја и определба во Декларацијата на Собранието од 2003 година за пленарна расправа еднаш годишно да се дискутира за прашањата кои се поврзани со процесот за европска интеграција, односно пристапување на Република Македонија кон Европската унија.

Владата целосно ја поддржува оваа иницијатива и стои на располагање во иднина секогаш кога е потребно отворено и конструктивно да разговара по овие прашања.

Ова, веерувајте, претставува можност за еден отворен и контруктивен дијалог и пристапување кон приоритетите на Република Македонија кои се однесуваат на целокупниот комплекс на прашања кои задираат во областа на Европската унија.

Оваа расправа ја гледаме и во светлото на обезбедување на политичкиот консензус, бидејќи во оваа пригода сакам да ве уверам дека Владата на Република Македонија е убедена и стои на ставот дека легитимитетот и легалитетот на изведените реформи кон патот на Европската унија се обезбедуваат само со заеднички политички консензус на сите политички чинители во Република Македонија. На неколку наврати до сега ги кажавме кои се главните принципи на кои се темели политиката на Владата на Република Македонија по однос на процесот во европска интеграција.

Дозволете ми во оваа прилика уште еднаш да ги артикулирам истите.

Под број 1, тоа е принципот на континуитет.

Дами и господа, Владата на Република Македонија има целосна намера да застане зад принципот на континуитет. Тоа значи дека сето она што претходно преземено и направено во делот на европската интеграција да го продолжи, да го преземе во целост и да ги преземе сите одговорности и сите обврски кои произлегуваат од процесот.

Ова беше практично првата реченица која претставниците на Владата на Република Македонија ја изразија на средбата со Европската комисија.

Вториот принцип е принципот кој се однесува на јакнењето на сопственоста над процесот за пристапување кон Европската унија, принципот на унаршип.

Во оваа пригода сакам да кажам дека Владата на Република Македонија стои на позицијата дека овој процес не се одвива во ниеден интерес на една политичка партија или една политичка коалиција. Ова е процес кој се одвива само за интерес и во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Крајната цел е конечно да воспоставиме еден широк подиум на подигнувањето на степенот на благосостојбата и, се разбира, принципот на владеењето на правото во Република Македонија.

И третиот принцип, третиот принцип е оној кој што ние го нарекуваме реален оптимизам. Реален оптимизам значи дека во ниеден момент процесот за европска интеграција и пристапувањето кон Европската унија нема дами и господа да го користиме за дневно-политички цели. Напротив, сето она што претставува предизвик, отворени прашања и тема која заеднички треба да ја дискутираме отворено, јасно и конкретно ќе ја споделиме со сите чинители на политичката сцена во Република Македонија.

Оттука реален оптимизам значи дека секогаш отворено, јасно и искрено ќе настапуваме кон македонската јавност и кон граѓаните затоа што конечно сите ние имаме обврска на отчетност кон истите заради добиената доверба и ова што денеска го работиме.

Конкретно кажано сите партии во Република Македонија и сите претставници во Собранието утврдуваат дека има приоритет преку Европска унија да биде она што претставува односно Македонија да биде дел од Европската унија. Овде ние го наоѓаме заедничкиот консензус. Ова е платформата од која сакаме да почнеме. Точно знаеме дека сите политички чинители во своите политички програми под број 1 го ставаат приоритетот пристапувањето или полноправното членство на нашата држава во Европската унија.

Оттука сакам да напоменам дека посебно ме радува што оваа пригода ја реализираме непосредно по одржувањето на Самитот на лидерите на земјите членки на Европската унија на кој сакам да напоменам уште еднаш во оваа пригода, потврдено е дека вратата на Европската унија останува отворена.

Дами и господа, ставот на европските лидери е дека нема нови критериуми што треба да ги исполнат земјите кои сакаат да бидат дел од Унијата кои понатаму сакаат да се зачленуваат, но дека сето ова ќе се цени по индивидуалните постигнувања на секоја од земјите членки односно земјите кандидати стриктно почитување на правилата за исполнвување на условите односно дадениот консензус кој го постигнуваат лидерите од Европската унија по однос на прашањето за Европската унија. Тоа што значи дека нема, дами и господа, да има нови критериуми, туку ќе има засилен мониторинг на исполнување на истите.

Засилениот мониторинг е практично она што и Владата на Република Македонија го посакува, бидејќи само на оној начин ќе добиеме вистински, реален динамизам на исполнувањето на критериумите кои се однесуваат на оние од Копенхаген од 1993 година. Во тој домен сакам да напоменам дека Европскиот совет основата на

стратегијата на проширувањето на унијата е консолидација, условеност и комуникација. Пораката е јасна нема да има, како што реков, нови услови, но ригорозно ќе се следи исполнувањето на истите.

Република Македонија, дами и господа, е земја кандидат, држава која овој статус го добива по признание на исполнетите позиции и остварениот прогрес во процесот на пристапување кон Европската унија.

Статусот под број 1 значи одговорност;

Статусот под број 1 значи приоритет и

Статусот под број 1 значи исполнување на сите оние заложби за кои сме се заветиле пред Европската унија.

Основната порака до нас е дека треба да ги забрзаме реформите и реализација на приоритетите од европското партнерство за Република Македонија да се приближи кон процесот на пристапување.

Придвижувањето значи отпочнување на преговорите за членство. Отпочнувањето на преговорите за членство е приоритет на Владата на Република Македонија. Постојано ова прашање го артикулираме до сите оние кои се надлежни во Европската унија односно Европската комисија за ова прашање. Меѓутоа, дами и господа, отворањето на процесот на преговори воедно значи исполнување на домашната задача.

Исполнувањето на домашната задача значи она што Владата на Република Македонија веќе почна да го презема, а тоа е јакнењето на нашата мисија во Брисел, работа по однос на платформата како заеднички концепт првенствено помеѓу Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за европски прашања односно во целост на Владата на Република Македонија, работа во 35-те работни групи кои ќе бидат одговорни за одредените поглавја и се разбира обуки на истите. На овој начин ќе бидеме целосно подготвени во однос на техничкото подготвување за процесот на преговори.

Системскиот начин на подготвување за преговорите и она што значи суштина е практично она што денес е тема на дискусија, а тоа се:

-Забелешките кои се дадени од Извештајот на Европската комисија кој Република Македонија го смета целосно како фер и реален и претставува основа односно платформа за нашите реформи кои имаме намера да ги спроведеме во наредниот период.

Извештајот на Европската комисија практично е поделен по оние области, како што логично рековме, следуваат по исполнувањето на критериумите. Тоа се политички критериуми, економски критериуми и критериумите по однос на усвојувањето на правото на Унијата.

Дозволете ми во оваа пригода да го кажам она што секогаш настојувавме и го кажувавме во одреден временски период дека Извештајот практично претставува признание на прогресот на Република Македонија за сето она што е направено во периодот за кој се оценува. Тоа значи периодот 2005 и 2006 година. Се надеваме дека сето она што е дадено како отворени прашања во следниот извештај ќе бидат покриени и задоволени на начин првенствено не за задоволување само на Брисел, туку за исполнување на оние стандарди и критериуми кои ќе придонесат за подобра состојба на граѓаните во Република Македонија.

Дозволете ми по однос на политичките критериуми да ги нотирам следните позиции.

Основната оценка од мислењето е дека Република Македонија е на добар пат да ги задоволи политичките критериуми. Изминатата година беше година во која се направија уставни промени за што е постигнат политички консензус чија главна цел беше реформа на судството. Извештајот го подвлекува успехот на донесувањето на амандманите и реформските закони за судството, но ги подвлекува и натамошните предизвици. Имплементација на реформата и конкретните резултати кои конечно треба да ги почуствуваат, како што реков, граѓаните на Република Македонија и бизнис структурата.

Констатиран е континуитет во политичката стабилност и продолжената имплементација на Охридскиот рамковен договор. Се бара ефикасност во борбата против корупцијата поддржана со силна политичка волја. Ова е прашање што во неколку години наназад се повторува и постојано се провлекува.

Се констатира дека иако со задоцнување, усвоен е и донесен Законот за полиција со што се исполнуваат еден од клучните приоритети на европското партнерство и се бара обезбедување на негова непречена реализација.

Главен предизвик, дами и господа, по донесувањето на овој закон практично ќе биде неговата имплементација односно донесувањето на повеќе од илјада подзаконски акти во наредниот период односно во 2007 година.

Се признава улогата на Република Македонија како активен партнер во регионалната соработка. Ова се општите и глобалните позиции по однос на политичките критериуми.

Економските критериуми, констатирано е дека Република Македонија има напредок во востановувањето на функционалната пазарна економија, во однос на макроекономската стабилност и предвидливоста, оценката е дека и натаму ние сме добри, но констатирани се слабости во неколку области. И покрај економските критериуми се согледува нивото на негативното влијание на слабостите во институциите како што се управната постапка, судството, долгите административни и бирократски процедури кои што влијаат врз правната сигурност.

По однос на прашањето за економските критериуми, дами и господа, постојано се поттикнува прашањето на конкурентноста,

прашањето на либерализацијата на пазарот, прашањата кои што се однесуваат на заштита на правата од интелектуална сопственост, сето она што значи еден корпус на обезбедување на сигурност не само на странските инвестиции, туку и обезбедување на правна сигурност на владеењето на правото, односно на целокупниот бизнис во Република Македонија.

По однос на усвојувањето на правата на Унијата. Во проценката на исполнувањето на условот, усвојувањето на правото на Унијата структурирано од 33 вкупно 35 поглавја, пристапот на извештајот е двостран. Од една страна се оценува напредокот во однос на минатиот извештај, мислењето, а од друга страна степенот на подготвеноста во однос на крајната цел,односно усвојувањето на правото од тоа поглавје, или со други зборови, колку во оваа област сме подготвени да бидеме членки. Без да завлегувам во секое поглавје одделно напредокот по поглавјата целосно е нерамномерен од значителен во одредени поглавја до оној каде што е многу мал, или минимален во одредени поглавја. Ова значи дами и господа, дека Владата на Република Македонија ја разбра пораката на Европската унија, односно пораката на Европската комисија и пристапи кон поединечни средби со претставници од министерствата на ниво на министри и оние кои што се на раководни и исполнителни функции со цел, да можеме да направиме еден конзистентен настап во исполнувањето на обврските кои што следуваат во наредниот период. Преземањето на правото на Унијата подразбира не само соодветно транспорирање на правото, туку и негова имплементација и ефикасно извршување.

Посебно би сакала во оваа пригода да се надополнам и да информирам во однос на имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Знаете дека истата е потпишана во 2001 година, процесот на имплементација требаше да биде заокружен некаде до 2005 година, во мал дел процентуално се затворени прашањата кои што се однесуваат на целокупното затворање на областите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација што значи имаме сеуште прашања кои што треба да ги надополниме и да ги реализираме.

Генералната оценка е дека тоа успешно се имплементира. Меѓутоа, сериозно е предупредувањето во однос на либерализацијата на електронските комуникации кој е нереализиран клучен приоритет од европското партнерство и ова во две до три години наназад се провлекува како прашање.

Во полето посебно на интелектуалната сопственост, како што напоменав и во областа на економските критериуми, исто така имаме недоследности и инспекциските служби во овој дел постојано Владата артикулира дека треба да бидат зајакнати. Веќе почнавме координативни состаноци со Министерството за култура и Заводот за заштита на интелектуална сопственост со цел да покажеме дека ние ги разбираме прашањата и пристапуваме кон поголем систем на контрола на пазарот и на сето она што значи непродавање на нелиценцирани марки. Владата пристапи кон решавање и на двете сериозни прашања. По однос на процесот на телекомуникациите останува да ве доинформирам, веќе знаете дека се распиша тендер за трет мобилен оператор. Исто така, се позиционираа прашањата кои што се однесуваат на измена на Законот во делот кој што би значело постигнување на поголем степен на либерализација. Телата формирани во рамките на спогодбата функционираат во континуитет, зборувам за Спогодбата за стабилизација и асоцијација. На 11 овој месец се одржа третиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација на кој му претходеа состаноците на поткомитетите и комитетите за стабилизација и асоцијација. Утврдено е дека имавме доста недоследности, или недоречености во однос на позиционирањето на Владата на Република Македонија на овие поткомитети. Оттука го препознавте проблемот и во наредниот период веќе до крајот на годината и почетокот на следната ќе реализираме координативни состаноци кои што ќе значат артикулирање на значењето на соработката во однос на поткомитетите кои што реално претставуваат еден жив кининг и сето тоа во насока и во интерес навистина да се покаже што е она што Република Македонија го прави на полето на исполнувањето на реформите и прашањата кои што се однесуваат на дадените поткомитети. Мислам дека министрите веќе го сфатија прашањето кое што се однесува на значењето на поткомитетите и дека реално она што практично е како недоследност кажано не само сега, туку и многу години наназад, целосно ќе го покриеме со тоа што ќе имаме сериозен и професионален пристап кон работењето во процесот за стабилизација и асоцијација.

Преговорите за вклучување во системот на Паневропска дијагонална комуникација исто така се во тек. Во тек се и преговорите на Протоколот за проширувањето на спогодбата за стабилизација и асоцијација со кои се адаптираат одредбите на Спогодбата во поглед на влегувањето на двете нови членки во Унијата, знаете тоа се Романија и Бугарија, кои исто така непречено се одвиваат. Двајца европски комесари беа во Република Македонија во изминатиов месец, комесарот за истражување и наука и комесарот за енергија. Република Македонија беше прввиот копретседавач со министерскиот Совет на конференцијата одржана во Скопје на 17 ноември 2006 година. Република Македонија е еден од главните поборници за развојот на регионалната соработка го резултираше со потпишувањето на Договорот за ЦЕФТА, а од 1.1.2007 година Македонија ќе биде и претседавач со ЦЕФТА.

Не можам да не го споменам започнувањето на преговорите кои што се однесуваат на олеснувањето на визниот режим. Овој месец во

Брисел Република Македонија влезе подготвена во овие преговори со јасна определба дека олеснувањето на визниот режим е само дел од неговиот процес на конечна либерализација. Овде сите прашања кои што се поврзани со интегрираното гранично управување, прашањата кои што се обезбедени со давање на посигурни патни исправи, односно пасоши и договорите за реадмисија се сфатени како исклучителна одговорност на Владата на Република Македонија. Свесни сме дека напредокот во либерализацијата на визниот режим е поврзан и со целокупниот напредок кој што треба да го направиме во областа на правдата, слободата и безбедноста. Затоа особено борбата против организираниот криминал и спроведувањето на системот на интегрирано гранично управување се исто така приоритети на Владата на Република Македонија исто како што и финализацијата на проектот на нови лични документи.

Што Владата на Република Македонија направи конкретно по добивањето на Извештајот од Европската комисија? Ова се прашања кои што верувам претставуваат најголем интерес денеска за овој собир. Имено, програмата на Владата на Република Македонија јасно го поставува членството на Европската унија како приоритет. Да се има приоритет значи дека сите позиции кои што се однесуваат на функционирањето на Владата, утврдувањето на реформските цели се ставени на пиедестал број 1. Во овој домен дозволете да ве информираме дека се формирани пракси на одржување на тематски седници на Владата кои што се однесуваат само на прашања од Европската унија, а делумно и прашања кои што се однесуваат на процесот на интегрирањето во НАТО. Целите на поттикнувањето на економскиот развој и вработувањето, борбата против корупцијата, унапредувањето на меѓуетничките односи, политичката стабилност и демократскиот развој кореспондираат со приоритетите на пристапувањето на Европската унија, а воедно се и приоритети на Владата на Република Македонија. Ние јасно се определивме за континуитет на патот кон Европската унија да ги зацврстиме стекнатите придобивки, да изградиме нови и секако да го забрзаме процесот. Како Владата на Република Македонија се фокусираше на клучните стратешки насоки во процесот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија. Првенствено, ја потврдивме определбата Република Македонија да биде подготвена за членство до 2010 година.

Дами и господо,

Владата на Република Македонија на една од вторите седници веќе го потврди она дека Република Македонија може да ја усвои нацрт-програмата за хармонизација на законодавството помеѓу Република Македонија и Европската унија и дека таргет година за хармонизација, односно конечно усогласување на нашите законодавства може да биде 2010 година. По ова прашање дневно се прават координации со ресорните министри по однос на исполнувањето на роковите кои што треба да бидат задоволени. На овој начин ги повикувам и претставниците на Парламентот да бидат конструктивни и кооперативни по овој дел, бидејќи роковите кои што се предвидени практично се рокови кои што значат и одговорност на целата држава. Одговорноста значи дека ние умееме да се носиме со позицијата дека сме земја кандидат. На овој начин Владата на Република Македонија става целосно отворена соработка и се става себе си на располагање за дискусија за сите предлози на закони и измени кои што се однесуваат на корпусот на усогласувањето со правото на Европската унија да дискутира со претставниците на пратеничкиот Дом.

Мислиме дека ќе можеме да ги постигнеме заедничките определби, односно да постигнеме консензус и да разговараме предварително за сите прашања кои мислиме дека би биле отворени или по кои би имале различни аспекти или приоди кон нивно решавање. Ја продолживме активноста на усвојувањето на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија на начин на кој што кажавме правиме регуларни координации со сите министерства и постојано повикуваме на скрининг на законодавството до Европската комисија, бидејќи ова претставува еден дополнителен напор што Владата на Република Македонија го прави на еден свој начин стамостојно, односно самата да прави скрининг на сите оние заложби кои се однесуваат на хармонизацијата на правото со Европската унија. Оттука, мислиме дека Европската комисија треба што поскоро да започне со процесот на скрининг на нашето законодавство, што значително ќе го помогне и забрза процесот на усвојување и имплементација на правото на Европската унија.

Ја продолживме работата на претпристапната економска програма и националниот развоен план, кои веќе се изработени и доставени како Нацрт на консултации во Брисел, ја воспоставивме структурата за раководење и координација на новиот претпристапен инструмент ИПА, односно инструментот за претпристапна помош и воедно го усвоивме Акциониот план во однос на ова прашање. Ја започнавме подготовката за преговори, бидејќи ви напоменав дека работиме на платформа за заедничка платформа меѓу надлежните министерства и воедно на Владата на Република Македонија за техничко односно структурно позиционирање на институциите во однос на преговорите.

Реализацијата на приоритетите на Европското партнерство ја поставивме исто така како приоритет. Седницата на Владата на Република Македонија секогаш започнува со прашањето на Европската унија, а воспоставивме како што напоменав веќе и практика да имаме тематски седници кои се однесуваат на пристапувањето во Европската унија. До сега Владата на Република Македонија ги свика тематските седници во однос на Предлог Националната програма за

усвојување на правото на ЕУ, каде што детално беа поставени сите оние прашања кои се однесуваат на закони и подзаконски акти за 2006 и 2007 година. Направивме ревизија на сето она што не е направено во 2006 година, имено од позиционираните 85, донесени се само 26 закони и Владата на Република Македонија донесе заклучок сите оние кои не се донесени во периодот на 2006 да бидат донесени до март 2007 година, а она што е веќе стипулирано за 2007 година да се направи во покус можен период со цел да се одговори навистина отчетно на она што се бара од страна на Европската унија.

Реализацијата на приоритетите значи дека ние на една од тематските седници разговаравме и за извештајот на Европската комисија од 2006 година. Кога разговаравме за овој извештај на седница на Влада, ги позициониравме само прашањата кои се од отворен карактер, односно кои се претставени дека се недоволно исполнети од страна на Република Македонија. Во однос на ова утврдивме листа со кои министерства и институции треба поединечно да дискутираме во детали во однос на надминување на овие слабости. Како Влада исто така разговаравме и за ИПА на една посебна седница, на една тематска седница која се однесуваше на ова прашање, го усвоивме Акциониот план, ги формиравме работните групи и се разбира ја усвоивме Платформата која значи претставување на кампањата за ИПА и обуките за ИПА.

Како Влада сме свесни дека неопходно е многу поголемо инволвирање не само на централната администрација, туку и на локалната и на бизнис администрацијата и се разбира на граѓанскиот односно цивилниот сектор. Посебно преку ИПА Програмата и Платформата за преговори која што ја правиме, дами и господа, Владата на Република Македонија ќе покаже дека има разбирање за една широка мобилизација на сите потенцијали и ресурси во Република Македонија кои можат да дадат придонес кон исполнувањето на приоритетите кон Европската унија и се разбира исполнувањето на претпристапната помош. Оттаму, веќе се осмислени неколку проекти кои треба да се реализираат во 2007 година, а се насочени кон тоа што треба да ја рашират фазата на процесот, Европската унија и бизнисот, Европската унија и локалното делување со локалната самоуправа, Учиме за Европската унија и тн.

Претстои огромна работа на зајакнувањето на капацитетот на институциите. Акцент ставаме на процесот на имплементација. Се определивме организационо и кадровски да се зајакнат секторите за Европска унија во секое министерство, како и оние сектори што се носители на политиката и правото на Европската унија. Имено, за прв пат на сите министерства им нудиме матрица по која ќе можат да ги формираат секторите за Европска унија во секое министерство, во кој сектор ќе мора да има одделение кое се однесува на преговори, одделение кое се однесува на претпристапната помош односно ИПА и одделение кое се однесува на внатрешен мориторинг и работа во однос на исполнувањето на обврските и задачите на министерството. Предвидени се и континуирани обуки проследени со евалуација, испити на јавната администрација. Пристапувањето во Европската унија не претставува мала инвестиција, туку напротив, претставува инвестиција во ресурси и во капацитети.

Во овој дел, ќе ми дозволите да заокружам во однос на прашањето кое се однесува на ИПА дека како држава кандидат имаме право да пристапиме до сите пет компоненти на ИПА, вклучувајќи го инфраструктурниот, регионалниот развој и компонентата на рурален развој. Воспоставени се националните структурни тимови, се работи на стратешката кохерентна рамка и оперативните планови за секоја од компонентите поединечно. Интензивно се работи на зајакнување на потребните административни капацитети и процедури за да се овозможи акредитација на телата со кои ќе се овозможи користењето на фондовите, централната единица за склучување на договорите во Министерството за финансии, Платежната агенција за рурален развој и тн. Што е уште оважно, треба да се допре до сите потенцијални корисници на ЕУ фондовите со цел да се оспособат за подготвување проекти кои ќе успеат, а во тој домен рековме дека ја правиме програмата за ИПА обука односно ИПА кампања.

Пред да ви се заблагодарам во однос на вашето внимание, ќе ми дозволите да ги потенцирам прашањата посебно кои се однесуваат на исполнвуањето на политичките критериуми. Имено, Владата на Република Македонија посебен акцент даде за имплементацијата односно завршувањето на процесот на имплементација на Охридскиот рамковен договор. Во буџетот на Владата на Република Македонија се предвидени три пати повеќе средства во однос на интензивирањето на сите оние прашања кои се однесуваат на овој исклучително битен документ, бидејќи Република Македонија е свесна дека на овој начин ќе може да претставува еден субјект кој ќе покаже одредена политичка зрелост во процесот на пристапувањето кон Европската унија.

Прашањето за борба против корупција е прашање кое исто така претставува приоритет на Владата на Реублика Македонија. Во однос на борбата против корупција ве уверуваме дека главните критериуми ќе бидат насочени не кон политизација на истиот процес, односно борба против корупцијата на политички начин. Напротив, задоволувањето на правото, односно задоволувањето на принципот на владеење на право. Сите оние кои што нема да ги исполнуваат своите обврски согласно словото на закнот, секако дека ќе бидат повикани на отчетност пред институциите на системот. На овој начин веќе започнавме неколку активности, за кои што во оваа пригода не сакам поединечно да зборувам, меѓутоа, на овој начин се покажува оворената

детерминираност на Владата на Република Македонија да покаже резултати на ова прашање.

Сите укажуваат на прашањето дека главна цел за борба против корупцијата е политичката волја. Овде сме исто така исклучително детерминирани, затоа што на овој начин во ниеден момент заради нерешителната политичка волја на одредена политичка коалиција или влада во ниеден момент нема да ги држиме во заложништво граѓаните или населението на Република Македонија. Тоа значи да бидеме недоследни односно да не бидеме оние кои ќе уживаат доверба во рамките на институциите на Европската унија.

Исто така, по ова прашање знаете дека ги поттикнуваме посебно реформите кои се однесуваат на судството и респектирањето на оваа трета независна власт, посебно со конституирањето на Судскиот совет. Во овој домен се и делот на реформата на Полиција, веќе знаете дека се воспоставени активности и приоритети кои се однесуваат на подготвувањето на подзаконските акти, за што Полицијата веруваме дека ќе успее односно Министерството за внатрешни работи ќе успее навремено во дадениот рок истите да ги донесе за да може да пристапи кон процесот на имплементација.

Конечно 2007 година дами и господа е исклучително битна и во однос на подготовката за зачленувањето во Европската унија, во однос на користењето на фондовите, односно претпристапната помош. Во 2007 година во исто време ќе треба да работиме на КАРДС кој што ќе дава свои резултати, меѓутоа, ќе треба да се подготвуваме и за ИПА. За тоа мислам дека доследно ве информиравме и благодарни сме што и Комисијата за европски прашања при Парламентот покажа интерес, имавме посебна седница на која што разговаравме за ИПА инструментот.

Во однос на економските критериуми, Програмата на Владата на Република Македонија веќе целосно ги инкорпорираше и интегрираше оние прашања кои се однесуваат како отворени, односно забелешки од страна на Европската комисија. А во однос на поглавјата, сублиматно информиравме дека она што веќе е нотирано како недоследност или недоволно исполнети прашања, ќе бидат надминати во следниот период, со тоа што се реализираат координации со сите посебни министерства.

Конечно, би сакала да ви се заблагодарам и се извинувам ако навистина беше долг и обемен овој дел кој што се однесуваше на Извештајот на Владата на Република Македонија што прави во однос на доставувањето на прогрес извештајот од Европската комисија, меѓутоа, мислевме дека на овој начин ќе пристапиме одговорно и конструктивно и ќе можеме да се повикаме заеднички на една меѓусебна соработка и се разбира постигнување консензус за сите прашања кои се од значење за Република Македониа.

Улогата на Парламентот дами и господа како дом на народот е исклучително битна. Сакам само да напоменам дека Владата на Република Македонија целосно, во рамките на почитувањето на поделбата на власта на законодавна, извршна и судска, ќе го почитува принципот на владеењето на правото и секогаш ќе стои на располагање пред институциите на системот за прашања кои се поврзани со Европската унија, бидејќи само на овој начин мислиме дека ќе одговориме отчетно и реално за статусот кој што го заслужуваме, а тоа е да бидеме полноправна членка на Европската унија. Ќе завршам со мотото кое во нашата кампања секогаш го имаме, а тоа е дека навистина и сонцето е ѕвезда. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

За збор се јави господин Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Претседателе, повеќе процедурално се јавувам и нема да барам 60 минути пауза, но молам за пауза од 30 минути за да ги прочитаме стенографските белешки од говорот на почитуваната потпретседателка на Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам пауза од 30 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,40 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со седницата.
За збор се јави Радмила Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Ви благодарам претседателе.

Се јавив за збор пред господинот Жерновски, бидејќи се работи за договор кој претседателот го одобри пред паузата, а господинот Жерновски и јас замоливме.

Господине претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, би сакала да им честитам, особено на оние членови на Владата кои денес одлучија да бидат со нас, бидејќи оваа политика е успешна само ако биде политика на сите министри на Владата и ако биде политика која нема да се сведе на двајца кои треба да го водат ресорот. Заради тоа мислам дека е добро доколку и во текот на седницата слушнеме некои информации и од страна на ресорните министри кои ќе бидат можеби и најповикани во иднина, да докажат дека сонцето е ѕвезда.

Денес имаме повторно една добра и една лоша вест. Добрата вест е што Собранието, се согласувам тука со неколкумина што го истакнаа тој податок. За прв пат Собранието дискутира по Извештајот на Европската комисија, Годишниот извештај за Република Македонија. За тоа се договоривме минатата година кога Собранието заеднички, консензуално ја усвои Декларацијата и ова беше прва прилика да се манифестира тој тип на единство и да се манифестира нашиот став дека ќе ги почитуваме своите заклучоци. Има и лоша вест, се разбира а тоа е дека оваа седница на Собранието најверојатно немаше да се одржи

барем до крајот на годината, доколку немаше иницијатива од страна на неколку пратеници и повеќе пратенички групи, воглавно во опозицијата. Меѓутоа, мислам дека тоа е помалку важно. повеќе важно ќе биде, во текот на дискусијата да покажеме дека Собранието тежи на оваа тема, особено по прашања за кои во изминатите неколку месеци не се покажавме во најдобро светло.

Мислам дека на оваа седница, но и во следните години ни треба да покажеме единство, меѓутоа не ни требаат флоскули. Јас се надевам дека седницата нема да ја сведеме на говори во кои ќе кажеме дека сите сме за и дека всушност нема што да дебатираме, бидејќи тоа е првата, најчесто заедничка реченица во програмите на нашите политички партии. Сите сме за Европска унија, меѓутоа имаме многу други прашалници, како, кога, дали итн. Затоа и јас ќе се обидам овој пат да бидам многу отворена и се надевам дека тоа нема да ми биде земено за зло.

Се сеќавам на седницата при изборот на Владата, многу од овие тези беа кажани и тогаш, воглавно од членовите на опозицијата и тие по правило не беа дури ни сослушани, беа сметани само за лоша навика на опозицијата да критикува се, беа сметани за обид на политичките партии да најават лош развој на настаните, беа сметани генерално за наша лоша намера и кога испраќавме некои сигнали за предупредување, тие минаа незабележано во Македонското собрание. За жал, по само два месеци истите сигнали, истите тези и истите критики ги добивме од друго место, ги добивме од Брисел, ги добивме од Европската комисија, ги добивме дури и од некои земји членки. Тогаш веќе звучеа алармантно. Меѓутоа, ако знаевме на време да слушаме и можеби да прифатиме некои други сугестии и немаше да биде таков Извештајот.

Јас сакам да почнам со тоа каде сме.

Бидејќи Извештајот на Европската комисија претставува поглед назад, а денес треба да фрлиме и поглед напред и да кажеме како ќе се справиме со проблемите кои велиме дека се реални во Извештајот, мислам дека е многу важно вистински да ја оцениме 2006 година. Според мене, според опозицијата, според СДСМ, според многумина добронамерни аналитичари, резимето за Македонија во 2006 година и нејзиното членство во Европската унија е два збора. Нема напредок. Не го оствариме планираното. Таму сме каде што сме биле во 2005 година, со кандидатски статус кој оваа година не успеавме да го надминеме. Нема преговори, што можеби не е за изненадување, но она што е за изненадување и за предупредување е дека нема ни датум за почеток на преговорите. Уште поопасно е она што се случува во Европската унија. Работите се усложнуваат веќе подолг временски период. На пример во Резимето на Финското претседателство ќе забележите дека нема збор за Македонија, дека нема дури збор ни за преостанатите земји од Западен Балкан. Се говори со право за Бугарија и за Романија, влегуваат во Унијата, се говори за Хрватска, се говори за Турција и тука за Македонија е ставена една многу непријатна точка.

На последниот самит во Брисел беше споменато дека критериумите можеби нема да се променат, но стандардите за нивно исполнување ќе се подигнат, или ако ја користам, парафразирам и вице премиерката - да вратите се сеуште отворени, но вратарите станаа изразито построги. Ние знаевме дека тоа се случува и тоа не смееше да биде изненадување ниту за нас во Собранието, ниту за политичките партии, ниту за македонската јавност. Клучните европски медиуми и пред и после Самитот во Брисел јавија за забавување во проширувањето. Нема да го спомнувам “Економик”, нема да ги цитирам оние реченици кои овде ги споменавме од “Фанешнл Тајмс”. Шпанскиот главен медиум вели дека 25-та одлучија да направат неограничена пауза во проширувањето, барем додека не се реши институционалната криза. Француските медиуми, по правило, јавија дека се свесни за ограничувањата на европските лидери и затоа буквално се влечкаат околу одлуките поврзани со проширување. Денеска се е близу до парализа, велат овие медиуми. Новите кандидати ќе мора да чекаат. Тоа е објективна реалност, реалност која не ја занемаруваме. Таа се спомнува во сите говори, во сите тези, меѓутоа реалност која мораше да ја предвидиме, беше во најава веќе извесно време. Сега пред нас е избор. Дали ќе кажеме дека нашиот проблем произлегува од заморот за проширувањето, или ќе бидеме пообјективни и ќе кажеме дека нашите проблеми само стануваат дел од заморот за проширувањето, дека и ние со нашите новосоздадени проблеми, па и со старите проблеми, со нашиот однос кон овие прашања, всушност им дадовме аргументи на сите евро скептици низ земјите членки.

Мислам дека ако влеземе во вториот филм, ако кажеме немаме среќа, повторно ние сме жртва на ситуации на кои не можеме да влијаеме, има време ќе почекаме, ќе покажеме дека не сме промениле ни точка во нашиот менталитет, ќе покажеме дека сакаме повторно да јадеме оправдување за се и секого, особено за нашите однесувања. Мислам дека проблемот лежи на друго место. Факт е дека во 2006 година Македонија тапка во место. Факт е дека во 2006 Македонија го пропушти возот за да излезе од станицата која не се вика Западен Балкан, туку се вика остаток од Западниот Балкан, прво, пред се и над се заради тоа што државната стратегија која мислевме дека ја имаме, ја фрливме во вода. Државна стратегија со сите минуси и плусови постоеше, но беше ставена на страна. Мислам дека Македонија тапка во место и заради серија од навидум ситни но стратешки грешки со непредвидливи последици.

Ние се одвоивме од нашето соседство минатата година, во 2005 година, со тоа што го добивме кандидатскиот статус. Убедена сум, имавме реални шанси оваа година да добиеме датум за

почеток на преговори, или ако ништо друго да го извадиме максимумот. Ако не да се приближиме до Хрватска, тогаш барем да не го губиме чекорот со Хрватска. Наместо тоа ние донесовме “стратешка одлука” да запреме.

Според европските коментари што имавме прилика сите да ги слушнеме, Македонија не направи ништо за себе, после изборите. Имаше многу критики и пред изборите, но ставот кој доминираше околу мислењето, особено по мислењето, беше дека Македонија практично не си помогна самата на себе. Наместо тоа, одлука која што ја критикувавме и кога се формираше Владата, премиерот одлучи да го промени планот и самиот да најави дека не очекуваме датум за преговори и дека можеби датумот за преговори ќе дојде, еве, следната година. Затоа, наместо забрзување за кое сите говореа пред изборите, добивме забавување на процесот и добивме забавување на реформите и за тоа ова Собрание мора да дискутира.

Погледнете го само Извештајот на Европската комисија. Јас сум убедена дека сите го знаете и сте го погледнале. Погледнете го нашиот Акциски план за европско партнерство, што сме зацртале, што реализираме. Меѓутоа погледнете ги и речениците кои најмногу се читаат, оние сместени кај политичките критериуми, ќе прочитате дека до прекинот во јули, заради изборите, Собранието главно функционираше задоволително. Јас не велам дека треба да бидеме задоволни со оваа оценка, но функционираше задоволително. Се дискутираше редовно, Комисијата работеше на редовни седниц, се зборуваше за напредокот на Македонија, се анализираше тој напредок и слично. По изборите реториката околу Собранието, околу политичката клима во Македонија, е драматично променета, па затоа речениците се, зголемена тензија помеѓу мнозинснтвото и опозицијата, нема канали на комуникација. Замислете земја кандидат во која нема канали на комуникација помеѓу власта и опозицијата. Владата мора да бара консензус. Ако во извештај некој треба да ви каже дека е потребен консензус, веќе сте ја згрешиле работата.

Во Извештајот стои и една реченица која ја дебатиравме на Собрание и малку ќе се осврнам на неа.

Извештајот вели, една единствена одлука донесена во септември, за масовни кадровски смени во администрацијата го загрозува системот на кариера, го загрозува системот на државна администрација, го загрозува и идниот и сегашниот квалитет. Погледнете само кој е контрастот помеѓу оценките кои ги добива Македонија за судските реформи, барем на ниво на закони и коментарите кои ги добивме околу Законот за полиција кој исто го усогласивме и го изгласавме како Собрание. Значи ако во судските реформи Европската комисија вели дека амандманите за судските реформи направија пробив во судството и во судската реформа, ако пишува дека биле поддржани со широк политички консензус, за Законот за полиција тешко и е на Комисијата дури и да не пофали што сме го изгласале. Со право, заради тоа што соработката помеѓу Владата и опозицијата отсуствуваше, а таа ќе биде неопходна не само за гласање, особено неопходна за имплементација на законот. Се се ова тези кои не сме ги слушнале за прв пат, кои ќе продолжиме да ги дебатираме во Македонсккото собрание, но се плашам дека се помалку ќе зборуваме за темите за кои говоревме во 2006 година, а се повеќе ќе се навраќаме на темите за кои говоревме во минатото. Имено ако оваа седница се случуваше пред само две недели, денес мислам дека ќе имавме поквалитетна расправа бидејќи ќе зборувавме за теми кои ја покажуваат Македонија во поздрело светло. Меѓутоа, за жал, ако пред две недели најважно беше дали од петте критериуми сме ги завршиле сите, или сме завршиле 4,5 што е реален приказ на состојбата, денес многу работи се променети и што е најлошо денес многу работи се влошени, а ова Собрание се однесува како ништо да не се случило.

Замислете една парламентарна делегација која за неколку дена ќе замине во Брисел и која ќе дискутира со свои колеги во Европски парламент, ќе дискутира со колеги од земји членки, ќе дискутира можеби и со некој од Комисијата и кога некој од пратениците ќе добие многу очекувани две прашања, што се случува во оваа последна недела во Македонија, што се случува и зошто повторно Македонија дискутира за оружј, зошто Македонија дискутира за полиција, за можни упади на полиција во некои приватни објекти, зошто Македонија повторно дебатира околу својата сигурност и безбедност. Јас однапред да кажам дека немаме одговор на ова прашање.

Сакам сосема накусо да се осврнам на овие две отворени теми кои никаде нема да поминат незабележано.

Ако минатата недела некој се обидел да украде или да шверцува оружје, поразително е за Република Македонија што седум дена минаа, а Собранието, македонската јавност, па согласно тоа и европската јавност не знае што се случило. Дали постоел шверц или не постоел. Дали имало обид за кражба, или немало. Кое оружје смеело, а кое не смеело да се продава, изнесува или извезува. Кое оружје можело да биде товарено во камиони, а кое не смеело да биде товарено во овие запленети камиони.

На 15-ти декември, пред само неколку дена, министерот за одбрана тврдеше дека единствена грешка која што е направена е што конвојот немал ескорт. Еден ден потоа, 24 часа подоцна, истиот министер за одбрана веќе си постави ново прашање, зошто лично не бил запознаен со ваквиот конвој. Министерот за одбрана го интересира зошто не бил запознаен со овие информации, а пред еден ден, пред 24 часа тврдел дека се е легално, единствен проблем е што конвојот немал придружба. По 48 часа министерот за одбрана сеуште не знаеше, или ако знаел не кажувал, дали оружјето во

запленетите камиони е ново или старо. 48 часа. 48 часа се доволни да се отиде таму лично, да се проверат списоци, ако нема списоци да се види зошто нема списоци, ако се познати списоците да се каже зошто тие не му биле ставени на располагање на министерот итн.

Два дена и на 15-ти и на 16-ти декември, извори од МВР тврдеа дека се работи за кражба, избори од МВР тврдеа дека еден ден од оружјето е оружје дадено од страна на некои од земјите членки, или поточно, беше кажано дека се донирани од страна на НАТО алијансата. Веќе на 16-ти декември, 24 часа, исто како синдромот во одбрана, ништо што важело до вчера не важи денеска. Веќе на 16-ти декември министерката за внатрешни работи не сакаше да тврди ништо освен дека судската завршница ќе даде финална квалификација за тоа што се случило. Нели ви се чини дека е интересна промената во тезите, во зборовите, во информациите, што се случува за само 24 часа. Меѓутоа, изминаа и седум дека. По изминати седум дека не е јасно ништо.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Еден час пауза за ручек.

**Радмила Шекеринска:** Јас сум трпелива претседателе. Бидејќи не ги прекинувавте министрите во дебатата минатата недела, мислев дека правилата важат за секого и секаде.

Ќе ми биде задоволство да повторам еден голем дел од дискусиите по паузата.

Во дебатата минатата недела, мислев дека правилата важат за секого и секаде.

**Љубиша Георгиевски:** За секого важат.

**Радмила Шекеринска:** Ќе ми биде задоволство да ги повторам еден голем дел од дискусиите тогаш.

**Љубиша Георгиевски:** Вие продолжувате по паузата. Зборот не ви е одземен.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот).

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Има збор госпоѓа Радмила Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Ми била точна оценката дека претседателот на Собранието во принцип има сенс и за демократската процедура во Собранието и за односот кон опозицијата и за односот кон пратениците од опозицијата и дека не се чувствуваше пријатно кога почна неговата иницијална одлука, сепак да продолжи барем мојата дискусија и покрај најавената пауза. После серијата напади од првиот ред на ВМРО-ДПМНЕ, ја промени одлуката. Мислам дека тоа е една од причините зошто сега на крајот од паузата не е со нас. Мислам дека и на претседателот на Собраниеот му е помалку непријатно од преседанот кој дозволи да се случи. Се надевам дека потпретседателот на Собранието помалку ќе наседнува на насилничката и довикувачка атмосфера од некои од првите редови во Собранието.

Мислам дека навистина е прв пат во дебата која што се води на ваква тема и дебата во која што учествува опозицијата како предлагач на точката на дневен ред да се прекине првата политичка дискусија.

Меѓутоа, се навикнавме во Собранието и тоа што ни се случувало да се случува, се навикнавме и тоа што не е дозволено да се дозволува. Ние ќе имаме трпение. Проблемот е што парламентарното мнозинство многу брзо покажува дека нема трпение ниту да сослуша поинаков став, ниту да толерира поинакво мислење, а недај боже и да прифати такво мислење.

Јас ќе се обидам да се вратам полека на темата. Мислам дека прекинот на дискусијата во 14 часот одговара на однесувањето на парламентарното мнозинство цела оваа недела. Значи, во Македонија се случуваат два крупни скандали, кои што ги плашат граѓаните. Можеби не ги плашат пратениците, но ги плашат граѓаните и се случија два настана кои делуваат вознемирувачки можеби кај европските пратеници, но повторно тие не ги возбудија, особено домашните наши избраници од народот. Се случија настани кои што под знак на прашалник ги доведуваат прашањата околу кои мислевме дека нема што да се грижиме, безбедност, стабилнсот, функционирање на системот, функционирање на институциите. И никако во Собранието да отвориме дискусија. Никако во Собранието да се дозволи разговор на оваа тема. Комисии се одржуваа сите овие изминати дена, се одржаа и ресорните комисии. Наметнато беше прашањето од пратениците на опозицијата, но немаше ниту слух, немаше сенс, немаше желба да се отвори дебатата. И истото ќе се случува како што и се случува денес и на оваа пленарна седница. И убедена сум дека реакцијата на многумина ќе биде, ама знаете ова не е во Извештајот. Да, овие настани не се во Извештајот. Ама овие настани ќе додадат уште неколку проблеми во идниот извештај. И ние само ако продолжиме во оваа насока, не мора да го чекаме 9 ноември 2007 година, сами ќе напишеме што ќе пишува.

Изминаа повеќе дена и скандалот кој што се случи во Министерството за одбрана, во Владата, во Армијата, ја бранува јавноста, подгрева иљадници шпекулации и тие шпекулации постојат заради тоа што ниту едно овластено лице не излезе со ниту еден конкретен податок. И тоа е срам. И тоа покажува дека или нешто се крие, и тогаш имаме проблем или многу работи не се знаат, а тогаш имаме уште погоелм проблем. Што ќе ни се безбедносните структури ако не можат за 2 часа, не за 24, не за 7 дена да ни кажат што им се случува во нивниот двор. Како тогаш ќе претпоставуваме дека овие безбедносни структури можат да се справат со криминал и надвор од дворот. Кој што се случува во Македонија, кој што се случува околу Македонија и слично.

Главниот проблем е дека со ваков инцидент, на кој што не му гледаме разрешница, инцидент за кој никој не се чувствува повикан да дискутира е дека дијагнозата е следна. Нашите клучни безбедносни ресори немаат капацитет, немаат знаење и немаат ниту обид за координација. Ме потсеќа сево ова и на едни дебати пред повеќе години кој ги водевме 1999 година, 2000 година имаше серија на предупредувања од луѓе кој го знаат безбедносниот сектор, од луѓе кои ги следат тие прашања и кои што велеа, овие акции и овие проблеми немојте да ги ставате под тепихот. Тие мора да се решаваат ден потоа. Со леснотија се велеше измислувате. И тогаш опозицијата беше виновна за тоа што покажува со прст на проблемот. Сега ја гледаме идентичната индолентност. Сега гледаме иста реакција. Не е виновен оној кој што дозволил во нашта Влада да се случи ваков скандал, виновни се оние, медиумите или опозицијата кои велат дека постои проблем. Меѓутоа, тоа не беше доволно. Една страница е завршена од овие настани 7 или 10 дена кога можевме минатата сабота на нашите телевизиски екрани да видиме снимки кои што многу повеќе наликуваа на Колумбија, отколку на Македонија, или Европа. И 30, 40, 50, а некои денес велат и 100 маскирани и вооружени луца упаѓаат,откако претходно се прошетале очигледно низ Центарот на Скопје, упаѓаат во дискотека, или приватен објект, кој што е 500 метри од ова Собрание. Тепаа и тоа го видовме на камери. Очигледно се заканувале, бидејки видовме дека сите без поговор го напуштаат објектот. Имаат сила и видливо сакаа, можеа и си дозволија да ја покажат. Сеуште не можам да поверувам дека вакво нешто се случи во Скопје. Дека вакво нешто се случува во главен гред на држава која упорно ги вика странските инвеститори, дојдете, вложувајте. Ви нудиме добра економска клима, ви нудиме безбедност на вашата инвестиција, ви нудиме профит кој штонекој ќе го гарантира, бидејки правната држава функционира. Не можам да поверувам дека тоа може да се случи во главен град на држава која веќе една година е земја кандидат за членка на Европската унија. Која со право очекува покана за членство во НАТО. И одеднаш вклучувате телевизор и гледате дека сето тоа може и да пропадне. Дека сето тоа не важи, заради тоа што некои луѓе во власта се несериозни.

Јас издржав 4 години во опозиција и отприлика, однесувањето беше идентично, дофрлања од место кои не ги возвраќавме кога бевме на власт, јас сигурно не, голема недисциплина во Собранието и обид секој што ќе мисли поинаку од вас да се обвини.

**Иван Анастасовски:** Јас ќе ги замолам колегите да ви овозможат да зборувате, но ќе ве замолам и вас, оваа е точка коај вие ја баравте како пратеничка група и да се држиме до точката на дневниот ред. Продолжете.

**Радмила Шекеринска:** Господине потпретседателе, господа и госпоѓи пратеници, Јас ве молам да направите услови да можам да зборувам.

**Иван Анастасовски:** Ве молам, да направите ред говорникот да продолжи.

Господине Макрадули (се слуша дофрлање од место) да овозможиме на госпоѓата Радмила Шекеринска да продолжи да зборува.

**Радмила Шекеринска:** Господине потпретседател барам од вас сите поединечно пратеници кои започнаа да дофрлуваат, поединечно да ги опомените, бидејки можеби ќе функционира вашиот збор.

**Иван Анастасовски:** Јас уште еднаш ќе ве замолам да и овозможиме на говорникот да си го каже својот збор. А вас повторно ќе ве замолам да се држите до точката на дневниот ред. Повелете.

**Радмила Шекеринска:** Недостигот на демократска култура, можеби можеме да го надоместиме со добри деловници. Недостигнот на домашно воспитување, тешко. Не верувам дека ниту јас, ниту било кој од опозицијата ќе може да ви помогне. Меѓутоа, сум го видела ова и не мириса на добро. Сум ја видела оваа леснотија во дофрлувањето, во гледањето на виновници секаде, освен во своите редови. Во желбата сите да замолчат, ама можам да ви кажам дека оваа опозиција тоа не нема да ви го дозволи, ако ви е тоа барањето.

Инаку, ако зборуваме за точката на дневен ред, нема побитна тема и јас се надевам дека пратениците кои до сега имале прилика да комуницираат со своите европски колеги, како потпретседателот на Собранието, го знаат тоа. Што мислите кога ќе одиме во Брисел, ќе ни постават прашање прво околу законот за безбедност на семето и семенскиот материјал? Не, ќе ни постават прашање што се случува во главниот град на држава, на која и го доделивме кандидатскиот статус, заради тоа што мислевме дека вакви работи нема никогаш повеќе да се случат. И ако тоа не сме го разбрале овде во Собранието, не знам зошто би дискутирале за Европска унија. Европската унија ни е далеку, колку што ни се далечни напорите навистина, да личи ова на европски парламент. Затоа ќе ми дозволите да кажам дека очигледно во Собранието нема свесност за овие проблеми. Се правиме како тие да не се случиле. Се надеваме, дека ако не ги коментираме некои други ќе ги заборават. Дека ќе ги заборави македонската јавност, дека родителите чии деца вечерта биле во Процес, утре ќе бидат на некое друго место, нема да се плашат. Дека граѓаните на Република Македонија ќе мислат дека е нормално што во еден месец ни се случува тепачка со дипломати, па ни се случува упад во Универзална сала, исто на маскирани лица без маски, сеуште неидентификувани од полицијата, кои упаднале таму, ја завршиле очигледно ја завршиле својата работа, но ние не можеме ништо. Кога еднаш ќе ви се случи тоа, кога втор пат ќе ви се случи, третиот пат ќе дојдат и 100 лица во центарот на

Скопје и можеме само да претпоставуваме што следи понатаму. Дали пратениците ќе се вознемират најпосле, ако некој влезе во Собранието. Тоа ли треба да ни се случи за да сфатиме дека ѓаволот ја однел шегата. Дека ова не е нечиј друг проблем. Дека внатре биле наши граѓани, дека тие се наша одговорност и дека не можеме да им ветуваме членство во Унија, ако претходно не им гарантираме сигурност. И ако ова не е во темата, јас не знам што е темата. Но како предлагач сум убедена дека оваа е прва од точките која мора да ја рсчистиме. Тоа што некому му се случило пред 5-6 дена, утре може да му се повтори на секој. Наша одговорност е да не бегаме од прашањата. Напротив, одговорност на ова Собрание беше првод а ги постави прашањата. И парламентарното мнозинство да ги постави прашањата. Да каже, во ред, наша е Владата, ќе и дадеме подршка да ги реши проблемите на тој начин, што ќе имаме слух, дека за ова се грижат граѓаните. Дека од ова се плашат граѓаните и дека нема да им ги решиме нивните економски проблеми, ако во меѓувреме направиме и политички и безбедносни и сигурносни проблеми. Одговорност на Собранието е да бара одговори, одговорност на Владата е да дава одговори. И за жал, овие 10 дена тоа не можеме да го видиме. Серија на инциденти се случија и мене ми е невозможно, ми изгледа неприфатливо, ми изгледа необјасниво, Владата која што се фалеше дека има 100% пред 10-15 дена, дека 100% е успешна во справувањето со криминалот, дека секој инцидент кој што се случил го разрешила, сега, одеднаш, не знае каде е. Одеднаш, Владата нема одговор ниту на елементарните прашања, дали постои вмешаност на МВР, дали во претходниот случај постои вмешаност и чија од безбедносните структури, што ќе се случува утре. Таква акција од страна на Владата не видовме, ниту пак гледаме деновиве. Единствено што гледаме е реакција. Јавноста е вознемирена, јавноста реагира, па мора и Владата,практично несакајќи да излегува со некои пола одговори. Пробелмот е секогаш кога ќе излезат со одговор се демантираат себе си од пред 24 или 48 часа.

Во прв момент Владата и по прашањето на упадот во дискотеката Процес вети одговори веднаш. Потоа, (се слушаат дофрлувања од место)

**Иван Анастасовски:** Јас ќе ве молам, ве опоменувам уште еднаш.

**Радмила Шекеринска:** Јас мислев барем колегите имаат парламентарно исксутво да знаат дека нема тема која не е европска . Европска позиција и европско одненсување ќе добиете и тогаш кога европското парламентарно мнозинство ќе создава европски услови за работа. Имаше едно барање да се дискутира на ресорната Комисија, коај беше одбиено. Се дискутираше без инфорамции, без реакции од страна на ресорните министри, без ништо. Имавте барања да се доставаат инфорамции, а сега вие се обидувате не да слушате барем тогаш додека ние говориме, барате да дебатираме. Барате да водиме дијалог преку говорницата. Извинете, дијалог се прави на друго место. Дијалог се прави тогаш кога и премиерот и Владата и парламентарното мнозинство ќе почувствува дека тоа треба да се прави. А за политички дијалог имате цела страна во Извештајот. И за политички дијалог не можете да кажете дека е надвор од темата. За безбедноста, не можете да кажете дека е надвор од темата. Јас не знам и вие не можете да знаете дали се вмешани во овој случај полиција или други органи. Не сакам да тврдам нешто што не знам. Меѓутоа знам дека полиција која не може веднаш, а потоа и по 24 часа , а птоа ни по 7 дена да открие што се случува со државата при еден ваков скандал, е лоша полиција. Дека е полиција која е лошо раководена, дека е полиција која е лошо координирана. Дека безбедносните сектори за кои во Извештајот се бара да комуницираат, да се координираат и да соработуваат согласно пишани процедури, таа координација не функционира.

Сигурна сум дека оваа е полиција која не може да гарантира она што и е потребно на правната држава.

Сега ќе одам на прашањето кое упорно го поставувате, бидејќи повторно сте нестрпливи. Значи, кога ќе отидете голем дел од вас, претпоставувам дека сите ќе имате контакти со своите колеги од Европски парламент, со невладини Европски организации, од земји членки ќе доаѓаат овде, јас не знам какви одговори планирате да им дадете. Не знам какви одговори очекувате сите пратеници, без разлика дали се од власта или опозицијата. Тоа ми е нејасно. Се сеќавам на средбите кои што ги имавме и на комисиските расправии, имавме средби и претходно како опозиција, со многу претставници на Европската комисија и Европската унија и верувајте можеби многумина нема да се согласат, или нема да ми веруваат, меѓутоа, мислам дека имате инфорамции од повеќе извори. Повеќе и од некои пратеници од парламентарното мнозинство, говоревме дека Македонија треба да добие датум за преговори. Дека Македонија заслужува да добие датум за преговори. И некаде тие аргументи поминуваа. Бидејќи ако на власта некогаш не и се верува, бидејќи се смета дека е заинтересирана страна, кога пратеник од опозицијата ќе излезе и ќе каже и покрај тоа што сме во опозиција мислиме дека на Македонија треба да и се даде шанса за преговори, повеќе веруваат.

Повеќе го прифаќаат како релевантен податок. Јас тоа го знам бидејќи од голема помош беа некои пратеници во поранешната опозиција, кои тоа го тврдеа. Дека на Македонија и треба да и се даде кандидатскиот став. И знам колку тие аргументи поминуваат. Ама за да поминат аргументите треба нешто да им дадете на тие луѓе. Треба да им понудите одговор. Треба да им дадете информација која вреди. Треба да дадете информација која на вам ви е достапна. Е, тоа во овој случај не знам како ќе го направите. Јас сум

убедена дека тоа ви е проблем и на вас како пратеници од парламентарното мнозинство. Нема амбасадор кој ќе се сретне овие денови со некој од нас, и нема да го остави клучното прашање. Што и се случува на оваа држава. Што и се случува кажете ќе ви прифатат ако излезете и со едни и со други и со трети информации. Ама кога ќе излезете без информации тогаш велат нешто е проблем. Нешто се крие. Или некопетентноста и неквалитетот е толку голем што не можат да ги фатат конците.

Трите одговора се поразителни за сите нас. Во текот и на вчерашниот ден и претходно некој од луѓето кои ја следат Македонија и кои искрено работат и работеа во минатото. Македонија да биде успешна држава. Велат како да се оправдаме пред нашите Влади кога долго време ги убедуваме дека во Македонија работите одат во вистинска насока. Сега ни се јавуваат и не прашуваат што се случува? Дали ова е истата држава за која што тврдевте дека политичката стабилност, безбедноста не се веќе теми за дискусија. Тие немаат одговор, ние немаме одговор. Јас не знам на кој начин мислиме сите заедно да излеземе од оваа ситуација. Во овој период немаме одговори, но имаме обвинување на претек. И многу инересно. Наместо опозицијата да излезе со повеќе обвинувања, немаме апсурд. Некој од Владините коалициони партнери односно некој од партиите кој го сочинуваат Парламентарното мнозинство излегуваат нивните министри во Владата велат немаме информации, нивните портпароли излегуваат имаме информации. И се разбира виновникот е кој друг ако не македонскаста опозиција. И тоа го слушаме и денеска додека не сакате да слушнете што опозицијата говори, многу сте подготвени да викате дека опозицијата е виновна. Јас навистина не знам како на тоа можете сами да си верувате, а камо ли да помислите дека ќе ви поверува македонската јавност. Излегува ВМРО ДПМНЕ со обвинување дека се ова е масло на опозицијата и нејзините структури. Некој се плашел за своите структури во полицијата. Кои структури? Оние што ги сменивте пред два месеци, кои во Европскиот извештај стои дека се создава проблем во бескрајните чистки во администрацијата. Тие структури? Ако се тие структури оние кои што прават проблеми во Министерство за внатрешни работи, во македонската полиција, во македонските безбедносни сили, во Армијата, па каде се тие здрави структури кои до пред 15 дена беа 100% успешни. Каде се сега тие здрави структури да излезат, не да ги пуштаат партиските портпароли, туку да излезе министерот, да излезе премиерот да ги собере сите министри во Владата позади себе, кога веќе знае така нешто значајно и точно и да каже виновни се тие и тие, со име и презиме, имаме вакви и вакви докази и да покаже дека навистина некој во опозицијата правел проблем. Излезете од филмот во кој кога не ви одат работите,виновен е некој трет. Излезете од филмот во кој секој успех е Владин успех, а секој неуспех е неуспех на некој трет. Тоа веќе не функционира. Баравте власт, добивте власт. Таа власт носи одговорност. Не да се обвинува, туку да се информира. Затоа, немојте да се грижите дека некој се плаши за своите структури, но, загрижете се сериозно дека граѓаните на Република Македонија се плашат за својата безбедност. Кога еден ден ќе видат дека нема оружје, вториот ден ќе видат дека никој не знае кое е оружјето, кога третиот ден ќе видат маскирани лица како парадираат низ центарот на градот и сеат страв, а четвртиот ден или четвртата вечер ќе чујат експлозии. Не е добро. И вие можете да организирате колку сакате прес конфренции, можете да ги спомнете сите, почнувајќи од мене најчесто, стари структури, нови структури на СДСМ, пратеници поранешни министри,во вас се инструментите. Вие ги имате полугите на власта. Ако не знаете да ги користите, сме дале доверба навистина на неискусни министри кои не знаат. Министрите се добри толку колку што се добри нивните реакции кога имам проблем. Ако министер за внатрешни работи, ако тој министер веќе толку долго време не знае што се случило, вие сте првите што треба да го поставите прашањето на одговорноста негова, нејзина, сеедно.

Знам дека овој дел од дискусијата предизвика и предизвикува реакции. Жалам што тука не се двајцата клучни министри, министерот за одбрана и министерот за Министерство за внатрешни работи, можеби би можеле да кажат нешто. Меѓутоа, министерот за Министерство за внатрешни работи и министрот за одбрана се, ако го прочитавте извештајот, бидејќи гледам дека некој од колегите читаат изјави, читаат партиски соопштенија, но не читаат европски извештаи, но ако го прочитате извештајот, ќе видите колкав процент од обврските лечат токму во тие ресори. Тоа изгледа не минува добро, барем во ова Собрание.

Јас би сакала од овој сектор да се префлат и на неколку други прашања, кои што можеби нема да предизвикаат толку вознемиреност. Знаете како, кој реагира? Реагира тој што е несигурен, тој што знае дека има проблем, а сака да избега од проблемот. И тие така реагираат нестрпливо, тие не знаат да слушаат и велам го имам искуството, така што ќе дискутираме додека мислиме дека има шанси нешто да промениме.

Јас би сакала само да истакнам неколку теми, кои мислам дека се важни во извештајот, но ќе бидат уште поважни за следната година. Во овој извештај и во претходните сите извештаи на Европската комисија, еден од клучните слаби зборови за Македонија е администрацијата. И, тука за разлика од многу партиски војници, навистина се трудам да бидам прилично партиски неутрална, тоа бил проблем со кој што ние сме се соочиле, тоа е проблем со кој што се соочува Владата и дента кога била избрана го имала тоа како наследен проблем и тоа како проблем го пренесуваме на секои четири години на следните. Но, ако не се има план како да се реши проблемот, ќе продолжиме да се тркаме во круг.

Мислам дека е сериозен хендикеп и за оваа Влада тоа што одлучи да засече длабоко во некои делови од администрацијата. Да задоволи некои партиски апетити и да постави наводно лојални луѓе. Не знам колку ќе им биде успешно. Но нам дека за две години за три години, за четири години не се прават експерти во администрацијата. Најпаметните да се па за толку кусо време нема да станат експерти. Да не зборувам дека во следната фаза, право на грешка нема да имаме. За жал, она што се случи, особено во некои ресори, како Министерство за внатрешни работи, како царината, се прошири и на други сектори. жалам што таквиот тренд ги фати и тн., работни групи за прилагодување на законодавството односно за усвојување на Европското законодавство, кои што ќе бидат идните преговарачки тимови во сите области. Направив една штик проба, еден тест, една споредба и навистина гледам дека околу 16 претседатели на работни групи беа променети. Значи, некаде околул 50% од работните групи кои што се задолжени за дијалогот со ЕУ веќе не го имаат истиот прв човек. Многу интересно е што најголемиот дел од нив никогаш немале, стигнале во администрација пред да биде избрана и оваа и претходната Влада, меѓутоа интересно е, мислев дека има некое образложение. Претпоставив дека се анализирала нивната работа, па се заклучило дека заради тоа што не одговориле на работните задачи, се направени некои рокади. Меѓутоа, ако се погледне извештајот на Европската комисија и составот на овие работни групи, ќе видите неколку интересни податоци. На пример, на четири поглавја каде што Европската комисија пишува дека во минатата година е остварен значителен напредок, значи не само обичен напредок, не слаб, не јак, не извесен, туку значителен напредок, преведено со јазикот на бројките, би добиле највисока оценка. Во четири од тие групи сменет е раководителот и сменети се некаде од 15 до 25% од членовите. На пример, во една друга работна група, каде што Европската комисија е најостра, најстрога и вели нема никакво напредок, таму сме го оставиле истиот раководител. Тоа зборува за темата дали сакаме да градиме квалитетна администрација. Тоа дава одговор на прашањето дали се водело сметка за некакви принципи. Мислам дека повеќе се водело сметка сите да бидат среќни и задоволни, секој да има распоред кој што му одговара, а квалитетот и резултатите отишле во втор план. Инаку, колку што можев да видам буквално во ист период кога излезе мислењето на ЕУ, каде што директно не критикуваат за административни смени, истиот ден Владата како да сака да и каже на Комисијата, ни е гајле дали не критикувате или не, ние сме тргнале по нашиот пат и тој ден се менуваат работните групи. Нема да зборувам за Законот за јавно обвинителство, нема да зборувам за клучниот приоритет кој што се чита од првата до последната страница на извештајот, а тој вели независно департизирано судство. После нашите дебати околу конкурсот за јавниот обвинител, после нашата дебата за РСС, јасно е која ќе биде политиката. Таа политика ќе ја спроведувате, претпоставувам, доследно. Нема да зборувам дури ни за област која што е битна за секоја држава, конкуренцијата. Една од најтешките области, за многу земји кои што станаа членки. Инсистираа години по ред да се зголеми административниот капацитет. Инсистираа години со ред да се донесат луѓе кои ја познаваат областа од првата до последната функција. Владата избрза и мислеше дека го именува и првиот човек на оваа институција и го смени, па после се предомисли и виде дека тоа Собранието треба да го прави, па ни испрати еден поранешен пратеник, инаку мој колега на кој нема што да му забележам, но знам, дека со конкуренција никогаш до сега немал работа. Дека спогодбата за стабилизација и асоцијација и обврските во делот на конкуренција, најверојатно ги осознава сега откако е избран за прв човек. Најчувствителна и една од најтешките области и во преговорите. А, ние велиме какви експерти, какви квалитети, битно е да го имаме нашиот човек таму. Јас знам дека во оваа Комисија се носат битни одлуки, но клучна работа е таа Комисијата работи независно, а не да работи подиктат на Влдата или на парламентарното мнозинство.

Една од прашањата кои што ми се поставуваат е зошто Собранието да не почне да биде редовно изестувано за реализацијата на нашите обврски. Ја имавме и сеуште мора да стои таа пракса на тромесечни извештаи во Собранието. Таков извештај се уште не сме имале. Интересно е и зошто јавноста нема прилика да ги види и да има достап до тие документи, затоа што мислам дека навистина се важни. Затоа како предлагажи на оваа точка на дневен ред во заклучоците побаравме овој тип на извештаи да не бидат само извештаи кои што ги познава Владата, туку напротив, да бидат извештаи кои што ќе ги дискутира токму македонското Собрание. Зошто, ова Собрание треба да знае колку од приоритетите во националната програма можеме да ги покриеме со Буџетот 2007 година. Малку дискутиравме, но мислам дека се уште не сме свесни за тежината на обврските, особено во Министерството за животна средина во делот на владеење на правото итн. Мислам дека е крупен проблем и прашањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и обврските во делот на електронските комуникации. Тоа го кажувам со сиот хендикеп дека ние како Влада не успеавме тоа прашање да го решиме. Меѓутоа, на изборите видовме коалиција која цврсто се постави на овие теми и кажа ние нема што да преговараме, ќе го почитуваме законот за електронски комуникации и нема да прифатиме диктат. За жал, и во претходните извештаи слушаме лоша пракса, преговори околу концесиските договори кои што траат веќе не знам колку време и нема шанси да успеат. Ова се темите на кои што македонското Собрание мора да дискутира многу по детално. Јас знам дека пратениците голем дел од нас не ги познаваат сите теми, меѓутоа ова ќе бидат теми на нашиот четири годишен манат како пратеници.

Што побргу почнеме да дискутираме професионално за нив, толку подобро. Бидејќи, за еден од крупните проекти виза, олеснувањето или либерализација на визниот режим во иднина и Владата се согласува дека е проект кој зависи од нас мора Собранието да го знае планот на Владата. Мора Собранието да знае која е нашата цел на година за почеток на олеснувањето, мора да знае кој е тарет датум за почеток на либерализацијата. Премиерот избегна да даде одговор, јас го разбирам, никој не сака обврски. Голем дел од овие теми, може да не биде и само под наше влијание, меѓутоа, ако една држава не знае да каже дека визниот режим ќе го испреговараме за една, две, три години, однапред да си признаеме дека ова ќе биде неуспешен проект. Мора и Собранието да ги има овие податоци, за да реално биде контрола на извршната власт.

Завршувам со темата со која што почнав, а тоа е дека не ни требаат во овој момент флоскули. Навистина, ја изморивме јавноста со тоа што 100 пати и кажавме во изминативе години дека сите сме согласни. Мислиме дека со таква привидно атмосфера на согласување, ќе одиме напред. Одењето напред зависи од одговорите на незгодните прашања, а не од одговорите на лесните прашања. Да беше лесно Македонија ќе беше одамна членка на ЕУ, да беше лесно многу други држави порано ќе беа членки на ЕУ, да беше едноставно немаше сега земјите членки на Унијата да стават знак на прашалник на проширувањето. Ако некој во салата смета дека регионалниот пристап кој што ќе заврши со регионално заедничка одлука за членство е добар за Македонија, тоа е легитимен став и треба да дискутираме. Но, треба за тоа да се дискутира. Македонското Собрание кога ќе настапи во име на Република Македонија мора да има ист одговор на таа тема. Прашањето веќе не е кој е за ЕУ, затоа што досега не видовме релевантна опозиција на нашето членување во ЕУ. Меѓутоа, многу се разликуваме околу патот. Сметаме дека Одлуката на Владата да фрли во вода она што Македонија одлично го имаше сработено во минатото е стратешка грешка. И таа одлука ќе ја плати скапо Република Македонија. Не сакаме да бидеме во позиција држава која тапка во место. Сакаме да бидеме опозиција на држава која преговара за членство. За жал, се додека мнозинството пратеници во ова Собрание мисли дека нема проблем, надвор од салава. Ако мисли дека проблемот ќе се реши со тоа што во два часот ќе ја прекинеме опозицијата, ако мисли дека проблемот ќе се реши со постојани дофрлања од место, имаме многу поголем проблем од извештајот на Европската комисија. Извештајот на Европската комисија е реален, ама извештаите на Европската комисија се и безмилосни.

Секое прашање кое ние ќе го премолчиме, тие ќе ни го одговорат негативно.

Затоа почитуван потпретседателе и колеги пратеници пред два месеци опозицијата не беше сослушана и аргументите паднаа во вода. Денеска тие аргументи добиваат на цена. Некој кој не разбира, претпоставувам нема да разбере. Меѓутоа, убедена сум кај еден дел од мнозинстовото се јавува сомнеж дека работите ни се тргнати во погрешна насока. Ако има непријател во ова Собрание и ако некој упорно се обидува да ја претстави дека опозицијата е тој државен непријател број 1 кажете го овде, меѓутоа, вашата улога како мнозинство не е тоа да го кажувате на собраниските говорници. Вашата обврска како Влада која добила одговорност и добила власт да функционираат институциите и низ тие институции немојте да покажувате со прст. Дадете аргументи дали некој прави проблеми во државата, бидејќи тие одговори македонската јавност ги нема седум дена. Никој веќе нема дилеми. Тој кој треба да ги решава проблемите очигледно ги создава, соучествува или ако ништо друго ги премолчува. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор министерот за надворешни работи господинот Антонио Милошоски, повелете.

**Антонио Милошоски:** Почитувани пратеници, почитувани колеги министри,

Јас се согласувам со госпоѓата Шекеринска дека инцидентот кој се случи во изминатиот период е Европска тема и европски проблеми во Македонија. Но, има една разлика која е очигледна. Додека дел од власта овие седум дена се труди овие проблеми да ги реши дел од опозицијата, имам чувство, како да се радува дека овие проблеми се случиле. За жал, мислам дека тие ќе бидат уште порадосни ако овие инциденти останат неоткриени и не разрешени како што останаа инцидентите од времето на Хардрок, Октопод и други работи. Но, бидете уверени благодариме за вашата загриженост ако е вистинска. Овие проблеми ќе бидат решени и две карактеристики кои ги има оваа Влада после 4 години кога повторно заедно ќе излеземе на избори ќе бидат борбата против корупцијата и организираниот криминал. Без разлика дали тоа се допаѓа на некој или не и без разлика дали тоа ќе ни донесе политичка штета или политичка корист.

Доколку сте искрени ви благодариме, доколку сте лицемерни тоа ќе биде сепак на ваша штета.

Во однос на тоа што е денес тема на дискусија и која очигледно повеќе или помалку госпоѓата Шекеринска се обидува да дефокусира Извештајот на Европската комисија, жално е што таа кога се презентираше Извештајот на Европската комисија од страна на претставникот на Европската Унија тука во Парламентот, таа не беше присутна. Тоа покажува едно мало непочитување кон главната тема за која се говори од сите политички субјекти во Република Македонија. Но, ние ја разбираме нејзината агилност затоа што таа е пресен лидер на една политичка партија, сака навистина да изгради еден имиџ, сака да има една цврста реторика и го разбираме секој нејзин напад од таа гледна точка.

Тоа е добро, мислам дека е легитимно и дел од политичката борба.

Сакам да го поздравам воведот кој беше даден од господинот пратеник Јани Макрадули кој во еден вовед ни укажа дека навистина треба да престанеме на оваа тема да се делиме на наши и ваши влади, на претходни и сегашни. Но, за жал, во почетното обраќање на госпоѓата Шекеринска забележливо е дека сета вина, сите недостатоци на Македонското општество кои ние ги акумулираме 15 години сакаат да се префрлат на ова 3 месечно владеење на новата владина коалиција, а сите успеси да се префрлат на она што претходно било сработено. Јас не велам дека не било сработено ништо, но ве молам одговорете ми ако Македонија имала обврска за 2006 година во однос на адаптацијата и прилагодувањето на македонското законодавство, да измени и усвои 86 законски акти, а тоа го сторила само за 26, тогаш каде е вината. Дали треба тука да се делиме на наши и ваши влади. Ние ја презедовме обврската тоа што не е сторено во 2006 година да го компензираме во 2007 година. Сакаме според тоа да бидеме оценувани и вреднувани.

Во однос на таа фамозна теза дека ние сме се откажале, сме фрлиле камен во вода од барањето на датум за преговори, би сакал да направам една дистинкција. Досега не е забележана активност во толку краток период од една политичка гарнитура во однос на апелирањето и лобирањето Македонија што поскоро да добие датум за преговори. Како еден од повисоките резултати во таа насока само би го спомнал писмото од премиерот на една од државите членки, основачи на Европската Унија кој отворено до своите колеги, премиерот Проди, апелираше Македонија што поскоро да добие датум за преговори. Но, очигледно е дека СДСМ заради внатрешна политичка активност која има навистина богата содржина тие го одвлекле вниманието и не успеале да ги регистрираат овие активности кои ние ги правиме на меѓународен план. Ние не сакаме да бидеме популисти и да кажеме дека датумот ќе го добиеме утре затоа што знаеме дека е тоа преамбициозно и претешка обврска да се преземе и мислам дека не е можно да се реализира. Но, датумот ќе го добиеме тогаш кога ќе станеме подготвени да почнеме со преговори. Нема да отстапиме од можноста датумот да го добиеме што порано.

На крајот, бидејќи ова е тема која навистина треба да произведува национално единство, јас би сакал да кажам дека денеска лично очекував од опозицијата да излезе со еден обработен предлог за формирање на еден национален совет, со една програма, да понудат човек кој ќе биде претседател од опозицијата на тој совет. Сите да се обединиме околу темата на Европската Унија и да одиме напред. За жал, нам вниманието ни се одвлекува со дневна политика. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам,

Процедурално бара збор господинот Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван потпретседател, ова не беше реплика, така? Јас сеуште сум оптимист дека вие ќе работите попрецизно од претседателот на Парламентот. Сакам да ви кажам дека нема како опозиција да го прифатиме моделот кој се нуди, а тоа е право на збор да имаат министрите. Ако го погледнете материјалот кој е дојден денеска на дневен ред ќе видите дека предлагачи се група пратеници кои се потпишани.

Согласно Деловникот дека право за збор во секое време има предлагачот, вие добро знаете бидејќи заедно бевме и во претходниот состав, дека тоа право не можат да го користат министрите кои денеска се присутни и добро е што се присутни, особено ако имате воопшто допис до Владата ќе видите дека господинот кој зборуваше претпоставувам не е официјалниот претставник на Владата за оваа тема. Право на збор како што сега го искористи, да не речам злоупотреби министерот за надворешни работи, не може да го користи тоа, бидејќи такво право имаат само предлагачите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Очигледно колега мислевте на членот 84 каде се говори дека на предлагачот на министерот и на известителот на работното тело му се дава збор штом ќе побара. Во својство на министер господинот Антонио Милошоски доби збор и затоа продолжуваме по редоследот реплики на говорот на министерот за надворешни работи.

Три минути за пратеникот Борис Кондарко, реплика на министерот.

**Борис Кондарко:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани претставници на Владата, почитуван министер Милошоски. Вие велите дека опозицијата по повод оваа точка на дневен ред упорно говори за сите недостатоци на македонското општество со намера да ви ги префрлиме вам како во моментот владеачка партија. Не. Ние говориме за една објективна лоша реалност во Република Македонија што наместо да тргне на подобро со доаѓањето на власт на вашата партија, тргна на полошо. Друг е проблемот што вие како власт сте толку самобединсани и самоуверени што не сакате да прифатите критика. Затоа е Парламентот за да се дебатира ако може да ви помогнеме за нешто ќе ни поверуваат граѓаните, за нешто вам ќе ви поверуват.

Значи, никогаш немојте да го губите од предвид правилото дека кога мислите дека сте најмоќни всушност тогаш започнува вашиот пад.

Втора работа, денеска не говоревме ни за Хардрок ни за други афери, говоревме за процес и говоревме како оваа власт која ги има сите механизми, ја има одговорноста да открие што навистина таму се случува. Само тоа го побаравме. Ваша е одговорноста за тоа. Каде се чуло и видело опозицијата да ви биде виновна. Ако е некој виновен од опозицијата, ако опозицијата стои зад тоа, вие треба да го откриете, да го докажете тоа и да го казните. Во

спротивно испаѓате смешни дека опозицијата ви е виновна за се во државата затоа што вие не знаете да ја користите во правилна насока власта за да ја подобрите состојбата во Република Македонија, а не да се задскривате секогаш кога ќе дојдете во безизлез и недостаток на аргументи за нешто што се случувало порано. Тоа е одбранашки пристап кој не нуди перспектива на нашата држава.

На крајот велите дека се повикувате на некое писмо, на некое лобирање за отпочнување на преговорите за членство во Европската Унија. Да ве потсетам на една од првите изјави на вашиот премиер уште на почетокот на септември. Беше збунет, не можеше да се снајде во новата функција, не знам на што се должи, меѓутоа, неговите зборови се паметат и имаат посебна специфична тежина. Тој остави на една апатија со безидејност, немање иницијатива за отпочнување на датумот за преговори. Оваа Влада не побара датум за преговори. Тој тоа стихијно го препушти на времето, едноставно рече кога тогаш ќе биде, пуштете го тоа на времето. Тоа не е една проактивна позиција на држава и на премиер на кој главен приоритет му е членството во Европската Унија.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Контра реплика од една минута на министерот за надворешни работи, повелете.

**Антонио Милошоски:** Почитувани претставници на опозицијата,

Уште еднаш најдобронамерно апелирам да ја отвориме суштинската тема, ако разговараме за европските интеграции излезете со концепт опозицијата да биде максимално вклучена во процесот на европски интеграции. Ние, тоа е друга тема, но сепак комплементарна во однос на НАТО процесот ве поканивме да учествувате во НАТО Координативното тело, благодариме што СДСМ ја прифати поканата, очекуваме и ДУИ да го направи истото.

Не очекувајте повторно сега ние да имаме иницијатива и да ве каниме за ова да се вклучите. И вие преземете дел од иницијативата и понудете концепт за заеднички национален совет да разговараме за тоа денеска, нека биде претставник од опозицијата на чело на тој совет и да ги здружиме силите, да не одиме со дневна политика.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе, господине Милошоски дозволете, меѓутоа не можам да се отргнам од впечатокот дека вашиот настап беше повеќе како портпарол на политичка партија одколку како министер во Владата, што мислам дека не би требало еден министер во Владата на Република Македонија да си го дозволи тоа.

Ако зборуваме во контекст на Извештајот, мислам дека ќе се согласите дека не можеме да ги напоменеме оние настани кои се случија во изминатиот период изминатата недела затоа што основен предуслов и за европска интеграција и за евроатланска интеграција е политичката стабилност и безбедноста во државата. Ќе се согласите дека, доколку нема разрешување или доколку нема дебата по однос на овие прашања што се случија во врска со оружјето и она што се случи во “Процес” дека ќе остане еден голем прашалник за тоа што се случува во Македонија и каква е стабилноста и безбедносната состојба на Македонија. Дали е доволно стабилна за да може понатаму да се спроведуваат реформи, за да може понатаму да зборуваме за дијалог помеѓу политичките партии за на крајот на краиштата ако сакате можеме да зборуваме за консензус за националните интереси, за националните прашања во Македонија.

Меѓутоа, крајно е несериозно да оцените дека се радуваме на тоа што се случило. Нашето барање да се дискутира за тие прашања е напротив знак на огромна загриженост заради последните настани во Република Македонија. Ќе се согласите дека Парламентот на Република Македонија е местото каде треба да се отворат тие прашања за кои треба да се дебатира.

Како јас да ја протолкувам улогата на Владата на Република Македонија или на Министерството за внатрешни работи ако, како претседателот на Комисијата за образование, наука и спорт сеуште немам одговор после три недели од страна на Министерството за внатрешни работи за анализа на состојбите за насилството во училиштата. Дали јас треба да протолкувам дека Владата е несериозна, дека се радува заради тоа што има насилство во училиштата и дека заради тоа не сака да поднесе информација до Парламентот до Комисијата за образование наука и спорт за да може да дебатира по тие прашања. Се разбира дека не, но очекувам поголема агилност, поголема сериозност од ваша страна кога станува збор особено за вакви прашања. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за министерот за надворешни работи, повелете.

**Антонио Милошоски:** Почитувана госпогице пратеник Грковска. Воопшто немаме ништо против да се расправа за било кој случај во Македонија, ниту јас сум сигурен дека вие се радувате на тоа што се случува. Но, мислам дека го злоупотребувате, ликувате на она кога се работи да се открие и да се затвори како случај. Бидете сигурна дека овие случаи ќе се затворат со докази, со обвиненија, со консеквенци за секој еден за кој ќе се обезбедат доволно документи и доволно доказен материјал кој имал или сносел вина без разлика дали станува збор за случајот со оружјето или со дискотеката.

Но, сакам да ви кажам ако навистина толку сте загрижена, тогаш поднесете иницијатива Собранието да расправа на таа тема. Денеска ако расправаме за Европа расправајте за Европа, ако расправаме за извештајот, дајте некоја нова идеја за извештајот како Македонија да биде подобра

пред Европската Унија и закажете нова тема јас ви ветувам дека сите наши колеги ќе бидат тука.

**Иван Анастасовски:** На ред за реплика е пратеникот Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, почитувани членови на Владата.

Министерот кажа дека оваа Влада го искористила целиот свој капацитет да лобира во Брисел за добивање на датум на преговори. Меѓутоа, сметам дека не е проблемот во тоа дали се лобира или не господине министре во Брисел да добиеме датум за преговори за членство во Европската Унија.

Проблемот е во тоа што ние треба да одработиме во Република Македонија. Во овој период одкако на власт е вашата Влада имаме прекинато проекти кои се водени од земји членки од Европската Унија. Вие тоа сакале да го кажете или не и дали сакате да го признаете, тоа е факт. Такви проекти има многу и затоа ние не можеме да добиеме датум за преговори. Колку и да одиме во Брисел се ќе ни биде џабе доколку не го одработиме она кое го имаме добиено како задача од Европската комисија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за министерот за надворешни работи, повелете.

**Антонио Милошоски:** Почитуван господин пратеник ви благодарам на забелешките, би сакал да ви кажам дека во однос на проектите вистина е дека дел од проектите имаат застој, но несериозноста не ја барајте само кај нас затоа што главно на тие проекти работеле луѓе ангажирани само со договор за дело. Тоа е навистина несериозен пристап кон многу важни проекти.

Ние сакаме тие проекти да продолжат, но да продолжат со капацитет на администрација и со луѓе кои таму ќе работат со решение. Значи, сериозноста на проектите не дозволува еден таков несериозен однос кон луѓето кои биле вклучени во тие програми.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика господинот Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван Милошоски, мислам дека и овој пат го направи како пракса господинот Милошоски да излезе, може и од место да реплицира за да даде контра реплика, мислам дека и овој пат ќе ми даде контра реплика, бидејќи имам едно прашање. Инаку, сум се јавил за говор, но ова е директно прашање до вас. И од овој аспект, бидејќи се спомна и ДУИ и на еден начин во општите интеграции за ЕУ и НАТО кога сте побарале член од ДУИ, или на парламентарната група ДУИ-ПДП за да учествува во групата за НАТО, неколку пати од страна на опозицијата е речено дека еве, настојуваме да имаме дијалог и други работи. Додека вчера мислам дека сите ја следеа таа декларација и јавноста, сигурно и пратениците по повод на едно прашање на новинар за предлог за амбасадор. Вие според весникот, ќе го цитирам на албански, но ја слушнавме и вашата декларација, вие го одбивте предлогот за лице за да стане амбасадор во НАТО со образложение дека цитирам: “на избори се победува или се губи легитимитетот”. Додека тој не е од тие кои го добија легитимитетот. Мислам дека од овој аспект доколку еден актуелен пратеник кој го доби гласот за да биде пратеник, или еден поранешен министер за одбрана и поранешен премиер според вас е губитник и не прифаќате да го предложите, или да се согласите да биде амбасадор. Какво образложение ќе и дадете на јавноста. Вие постојано ги искривувате фактите, го кршите гласот на албанците и албанците легитимитетот или мнозинството за да ги застапува во Владата како што знаете и вие со една убедлива победа со 62% или 120.000 гласа ја дадоа на коалицијата ДУИ-ПДП. Мислам дека ќе ми одговорите на ова прашање.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика министерот за надворешни работи.

**Антонио Милошоски:** Малку да пробам од тоа што сум го научил. Индеруар зоти Буџаку. Значи, ние веднаш после изборите почнавме преговори со вас на кои учествувавте понекогаш и вие, понекогаш и јас. И ние пробавме да се договориме. Тоа што понудивме да се договориме со вас беше нашата оценка и признание дека вие имате сериозен политички легитимитет кој не го оспоруваме. И не е вината само на нас што ние не сме успеале да бидеме во една заедничка коалиција. Можеби после следните избори ќе имаме следна шанса. Но, затоа ве молам не го доведувајте заради тие причини, заради тој неуспех кој би требало да го превземете и врз вас успехот на ДПА да биде дел од коалицијата и не го оспорувајте нивниот легитимитет.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика Радмила Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Три прашања, три одговори. Дали опозицијата се радува на овие настани. Навистина незнам како можете да поставите вакво прашање ако гледате дека ние дискутираме на места каде што треба да се дискутира. Не беше опозицијата таа која излезе во јавност и ве обвини дека вие сте ги организирале настаните. Не, СДСМ тоа не го направи. Ама гледа изненадување, ВМРО-ДПМНЕ излегува со прес конференција, ја има власта, го има МВР, ги има сите инструменти и вели: Инцидентите се темпирани и диригирани од структурите на опозицијата во институциите. Страшно. Тоа е вашата партија, тоа не е некој што дошол па ви го подметнал јајцето во вашето гнездо. И сега опозицијата прво е виновна што се случиле настаните. Е сега е виновна затоа што мисли дека за тие настани треба да се дискутира во Собранието. Ние ги отвараме темите овде, ги отвараме темите на прес конференција и мислам дека заради тоа што јавноста реагираше толку остро колку што реагираше, почнаа и серија на преиспитувања во безбедносните структури. Убедена сум според изјавите кои што ги даваа

двајцата клучни министри дека се сакаше и се имаше план да се заобиколи случајот, да се премолчи вистината, да се помине дека ништо не се случило и дека еве, проблемите се надминати, а никој не е виновен.

Што се однесува на конструктивноста на опозицијата во Собранието и зошто ние излегуваме со предлози, мислам дека изгледа и вие не сте виле присутен барем на почетокот на оваа седница. Погледнете ги заклучоците кои што координаторот на нашата пратеничка група ги најави и во нив ќе видите дека тоа што сме го предложиле стои таму и Советот. Иако да бидам искрена очекувавме дека парламентарното мнозинство ќе испровоцира, односно ќе организира, ќе иницира една ваква средба. Но, кога видовме дека тоа не се случува моравме ние да излеземе.

Второ прашање, успеси и неуспеси. Дали велиме во Извештајот, доброто е наше, лошото е ваше. Ако ја следевте целата моја дискусија ќе чуевте дека барем за три теми проблемот со административен капацитет, проблемот со судство, проблемот со телекомуникациите, изричито кажав дека тоа е проблем кој ние не успеавме да го решиме и дека за тоа мислиме дека и оваа Влада треба да добие поддршка. Но, дека нашиот став е дека одите во погрешна насока и со партизирање на администрација и со партизирање на судство.

И, последно, секогаш го спомнувате како прво. Ве молам грижете се за Владата, ве молам грижете се за безбедноста на граѓаните, ве молам грижете се за Македонија. Престанете со наводната грижа околу опозицијата. Пресноста на оваа опозиција е ништо во споредба со пресноста на голем дел од вашите гласачи.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика министерот за надворешни работи.

**Антонио Милошоски:** Почитувана госпоѓо Шекеринска, секоја добра Влада сака да има добра опозиција и ние затоа се грижиме за вас и посакуваме вие навистина да прераснете во еден сериозен опозиционен лидер.

Втора работа, да сакала Владата да ги сокрие случаите и да остави јавноста да ги открие, ние немаше воопшто да го спречиме камионот со оружје, МВР немаше да реагира. МВР реагираше затоа што тоа не било прв пат, тоа е проблемот досега. Такви работи се случувале наназад претходно. Тука веројатно знае повеќе поранешниот министер Манасиевски, можеби и вие повеќе, можеби и врховниот командант. Тоа ќе го утврди истрагата. Разликата во пристапот е тоа што кај вас аферите кога се случуваа остануваа отворени и никогаш незатворени, а разликата со нас е тоа што секогаш аферата кога ќе се отвори ќе гледаме да ја затвориме и виновниците да бидат казнети.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе, јас ќе го задржам правото како предлагач да се јавам кога ќе почуствувам потреба. Сега да реплицирам. Мислев дека цинизмот е својствен само на претседателот на Собранието, но очигледно тоа е веќе некоја школа научена во ВМРО-ДПМНЕ. За жал и покрај добронамерните укажувања да не се грижат за тоа кој на која позиција ќе биде во СДСМ, очигледно сеуште се оптоварени и обременети ВМРО-ДПМНЕ со тоа. За жал, сеуште се во сонот на опозиција. Но, она што ме радува господинот Милошоски напреднал и не штрајкува веќе со глад, туку почнал и да учи албански, што е добро. Ако е навистина најдобронамерно укажувањето за се она што го кажуваше, тогаш ќе се признаеше дека во изминатите четири години тоа ја прави разликата меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Во изминатите четири години Македонија од еден конфликт кога ја превзеде власта ја остави Македонија како земја кандидат. Сега од тој брз воз префрлени сме на товарен воз и тоа не го велиме ние, тоа го вика најодговорниот господин Оли Рен. Во изминатите четири години тоа е разликата меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ не се случи маскирани лица да упаднат во некој приватен објект и таму да тераат некоја своја правда. Она што ние го потенцираме секогаш, а што не сакате да го признаете е тоа дека се изгуби европската реторика во оваа Влада. И тоа ќе го кажам од два примери. Прво, вие рековте цитирам: Би бил среќен ако добиеме датум во 2007. Граѓаните во Република Македонија не се среќни со тоа. Тие ќе беа среќни датумот за преговори да го добијат во 2006 година. Не се променија работите на лошо од аспект даречеме корупцијата и организираниот криминал од 2005 до 2006 септември месец, не се променија во тој правец, па ние за тоа да не добиеме датум на преговори. Не, Европскаа комисија вели, драстични смени и масовни смени во администрацијата и немање политички дијалог, особено во Собранието. И вториот пример е вашиот коалиционен партнер господинот Тито Петковски кој упорно не враќа во ист кош со Србија, Б и Х и Црна Гора, а ние далеку избегавме од нив и бевме во делот наречен Хрватска и блиску до Европа.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика, министерот за надворешни работи.

**Антонио Милошоски:** Ви благодарам за забелешките за мојот напредок. И ова би било еден апел до госпоѓата Шекеринска, бидејќи таа ви е политичар за се во вашата партија и вие сите се влечете на нејзиниот грб и авторитет, за да ја растоварите малку преземето го вие ресорот Европска унија и во рамките на СДСМ бидете одговорен за тоа поле и навистина следниот пат излегувајте со поиздржани реплики, критики на тема евроинтеграции. Така ќе и помогнете и на вашата претседателка, така ќе добиете и вие напредок повеќе а и Собранието поголем капацитет.

**Иван Анастасовски:** Последен за реплика се јави господинот Игор Ивановски. Повелете три минути.

**Игор Ивановски:** Господине министре изгледа заслепеноста само од 4 месеци власт ве прави

нарцисоиден, ве прави и агресивен, ве прави по малку и фашизоиден.

(Пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ реагираат со удирање по клупите, барајќи господинот Игор Ивановски да се извини).

**Иван Анастасовски:** Господине Ивановски, сепак да го држиме дигнитетот на Собранието.

Јас го замолив колегата Ивановски сепак, да ги бираме термините со кои ќе се обраќаме спрема министерот во Владата на Република Македонија. Ако имате доблест и да се извините за тој термин колега Ивановски, би било добро.

**Игор Ивановски:** Па вие не ме дослушавте зошто го реков тоа, а барате да се извинам. Не сакате да ме слушнете што очекуваме од министерот, барате од нас да се извинуваме. Не сме ние овде во позиција вие нешто да ни нудите, или пак да ни се заканувате дека нема ништо да добиеме ако не си ја исполниме нашата задаача. Ајде ставете се во филмот на Владата. Вие презедовте обврска да ги спроведувате работите. Ние на оваа седница расправаме не за минатото, не расправаме за нешто што се случило, расправаме за два проблема што вие ги создадовте, тоа е шверцот со оружје, тоа е упадот на маскирани лица во дискотеката “Процес”. Јас знам дека ви е лесно да гледате во ретровизор, ама верувам дека господине министре кога одите по европските метрополи таму од вас бараат одговори, или ќе бараат не за “Хард рок”, ама за “Процес”, ќе бараат одговори како е возможно во една земја претендент за Европска унија 30 маскирани под сомневање дека се припадници на МВР да го направат тоа. Притоа во Париз, или во Берлин за ваква работа прво се сноси политичката одговорност и некој од министрите поднесува оставка, а понатаму органите на Владата ја утврдуваат кривичната одговорност. Оттаму ако сакате да ја прифатиме вашата сугестија и да расправаме за Европа, сакаме да расправаме за Европа, ама не е европски, повеќе од месец ипол на утврдување на овој извештај на Европската комисија, вие дури денеска ја закажувате Комисијата. Не е европски речиси недела дена да немаме одговор за шверцот со оружје, не е европски да немаме сеуште одговор од Министерството за внатрешни работи, не е европски ниту еден да не понесе политичка одговорност за вакви два крупни мега скандали.

**Иван Анастасовски:** Колега ви заврши времето за реплика, и добивте 15 секунди плус.

**Игор Ивановски:** Треба да бидам благодарен и за ова.

**Иван Анастасовски:** И да бидете благодарен.

Продедурално, Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Од име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам да се симнат стенографските белешки и да видиме што е тоа што го кажа господинот пратеник, за да можеме да знаеме дали да бараме од него извинување, или не бидејќи тој кажа дека не сме го дослушале што сакал да каже и дека ние погрешно реагираме на неговите искажани зборови. Ве молам да се симнат стенографските белешки.

**Иван Анастасовски:** Се прифаќа ова.

Давам пауза од половина час да се симнат стенографските белешки, да се поделат до сите пратеници и продолжуваме со работа по половина час.

(Пауза од 16,20 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,15 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа.

Госпоѓата Силвана Бонева побара збор процедурално.

Молам дали уште некој бара збор процедурално?

(Се јавуваат повеќе пратеници за збор процедурално).

**Силвана Бонева:** Почитувани колеги пратеници, баравме прекин на седницата заради тешките обвинувања кои беа искажани од нашиот колега Игор Ивановски само со една цел да ги добиеме стенограмите и сите заеднички да се увериме што е тоа што беше изречено од собраниска говорница за министерот за надворешни работи на Република Македонија. Човекот кој што треба да ја претставува земјата и сите нас надвор од границите на земјата. Сега верувам дека сите сте убедени за она што беше искажано, но, за македонската јавност мора да ја прочитам реченицата која почитуваниот колега Игор Ивановски ја искажа: “господине министре, изгледа заспепеноста само 4 месеци власт ве прави нарцисоиден, ве прави агресивен, ве прави по малку и фашисоиден”. Многу тешки обвинувања, посебно обвинувањата за фашизуизност. Јас не верувам дека пријатно се чуствуваат колегите кога можат од устата на наш колега да слушнат вакви обвинувања за министерот за надворешни работи на Република Македонија. Навистнина сме запрепастени од неевропската реторика која што ја употреби почитуваниот колега Игор Ивановски. Затоа бараме во име на сите нас и во име на македонската јавност да се извините овде од собранискатa говорници за недоличното однесување, за неевропската реторика која што си ја дозволивте на овој ден кога расправаме за извештајот на Европската унија да употребита за министерот за надворешни работи на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Ивановски барате збор.

Бидејќи ве прозва Силвана Бонева, повелете.

**Иван Ивановски:** Благодарам претседателе.

Значи госпоѓо Бонева, кога повторно збориме за Европа во Европа се почитува слободата на говорот и искажувањето на јавниот став. На оваа говорница во Собранието секој има право да каже што мисли и за тој збор одговара. При тоа, на

страна тоа што во Деловникот на Собранието пишува дека минстрите одговараат на Собранието, на пратениците, а не пратениците на министрите. Јас повторно за ваша информација, не како што рековте вие бидејќи немате право во име на македонската јавност да барате од мене нешто. Ниту вие ја застапувате целокупната македонска јавност, ниту јас ја заспатувам целокупната македонска јавност. Едно знам, министерот за надоврешни работи како и сите министри, се министри на Владата на Република Македонија не на Владата на ВМРО-ДПМНЕ и нивните коалициони партнери. При тоа многу ми е битно и значајно што министерот за надворешни работи кој не претставува сите нас надвор од оваа сала, кажува во оваа сала. И при тоа не можам да се согласам истиот тој министер се обраќа на опозицијата како на членови на овој Парламент од понизок ред, а тој нешто нуди, а ние демек нешто треба да прифатиме, нормално ако сакаме ако не никому ништо. Не можам да се согласам кога истиот тој министер наместо да ги даде одговорите за работи кои се во аспект во целата држава се чувствува повикан да кажува што да прави СДСМ внатре во сопствевните редови, кој лидер да го избира, што да прави координаторот на претеничката група, како тој да одговара и да изговара и се останато. При тоа кога имаме ситуација на такво однесување јас ги употребив зборовите што ги повторите и вие и остануваат како факт.

При тоа, нема помалку или повеќе, полесни или потешки обвинувања бидејќи рековте тешки обвинувања. Јас се надевам дека со истиот ваков тон и истата ваква принципиелност вие лично ќе настапувате на оваа говорница кога вашите колеги пратеници од вашата партија, или од вашата владеачка коалиција ќе ги квалификуваат пратениците на СДСМ и на останатите опозициони партии за да можеме да говориме едноставно, за принципиелност. Токму европски е да се разговара и да се кажуваат јавно ставовите и истите да се бранат.

Јас она што го кажав вие го повторите, тоа е запишано и се обидов не да го дообјаснам, бидејќи беше доволно добро објаснето, туку по кристално да го доближам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете госпоѓо Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине Игор Ивановски, бевте повикани да се извините за тешко искажаните квалификации за тешката навреда која што ја изрековте на едне министер за надворешни работи на Република Македонија. Очекуваме од вас заради достоинството на овој Парламент и достоинството на министерот за надворешни работи на Република Македонија да се извините за квалификацијата “фашизоиден”.

Доколку вие тоа не го сторите очекуваме пратеничката група на СДСМ на чело со госпоѓата Радмила Шекеринска да се огради од ваквата неевропска реторика.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете госпоѓо Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам.

Претседателе и во мое име и во име на пратеничката група би сакала да ве замолам да ја вратите дискусијата таму каде што припаѓа. Да замолите прво да не се користи “европски” епитетот за се и сешто, бидејќи збоот во Европа се цени и за зборот секогаш се одговара лично. и за многу зборови нема да се согалсиме. Јас на говорницата кога говорев за однесувањето и за ставовите на ВМРО-ДПМНЕ и изразив остра критика за тоа што партијата на власт тврди дека опозицијата диригира со криминални структури. Која е потешка квалификација? Кој е потежок збор? Да му кажете на некој дека има фашизоидно однесување или е потешко да се каже дека диригира криминални структури. Јас мислам второто.

Ако почнеме да реагираме на зборвите кои што ни ги дофрлуваат што од место, што од говорница пратенците на парламентарното мнозинство кои се спремни опозицијата ако можат да ја изгонат од ова Собрание оваа седница и многу други ќе се претвори во седница без дневен ред. Наместо сега да дисутираме за темите кои што се наметнаа и кои се сериозни парламентарното мнозинство прави обид да се сменат темите и да се сменат тезите.

Јас сакам остро да протестирам во име на сите нас дека парламентарното монозинство има многу права, ама нема права да линчува пратеници за тоа што го кажале. И, ве молам вас и како прв  меѓу еднаквите и како човек кој што има однос кон тие прашања, помалку и личен, позитивен да вратите ред во Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи пратеникот Ивановски не се извини, а госпоѓата Шекеринска исто така не се огради од навредата давам половина час пауза и барам координација со шефовите на пратеничките групи во салата Охридска.

(Пауза од 17,25 часот).

(Седницата продолжи со работа во 18,11 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да си ги завземат своите места.

Почитувани пратеници бидејќи ни истече работното време за денес, дозволете да ве известам дека утре во 12,00 часот ќе се одржи 19-та седница на Собранието која ќе се состои во обраќање на Претседателот на Република Македонија, на Парламентот. Понатаму во 15,00 часот ќе започнеме со 17-та седница за која очекуваме дека ќе трае кратко, а после неа ќе продолжиме со 21-та седница. Тоа е предвидено за утре.

Благодарам за вниманието.

(Седницата прекина со работа во 18,13 часот)